Zenfone™ Go

# ZB452KG

## Упатство за корисникот

IN SEARCH OF INCREDIBLE

**MK11071**

**Март 2016 година,**
**Прво издание**

# Грижа и безбедност

## Упатства



Безбедноста во текот на возењето е на прво место. Силно ви препорачуваме да не го користите вашиот уред додека возите или ракувате со каков било тип возило.



Овој уред треба да се користи само во околина со температури меѓу 5°C (41°F) и 35°C (95°F).



Исклучете го уредот во области со ограничувања каде користењето на мобилни уреди е забрането. Секогаш почитувајте ги правилата и прописите кога се наоѓате во области со ограничувања, како на пример, во авион, кино, во болници или блиску до медицинска опрема, во близина на бензин или нафта, градилишта, места на кои се одвиваат минирања и други области.



Користете само  AC адаптери и кабли одобрени од ASUS за употреба со овој уред. Проверете  ја етикетата со наведена моќност на долниот дел на уредот и осигурете се дека вашиот  адаптер за напојување одговара на наведената моќност.



Не употребувајте оштетени кабли за напојување, додатоци и други периферни уреди со вашиот уред.



Чувајте го уредот сув. Не користете го и не изложувајте го уредот во непосредна близина на течности, дожд или влага.



Уредот може да минува низ машини со рендген зраци (како оние што се користат на лентите за проверка на товар за аеродромска безбедност), но не изложувајте го уредот на магнетни детектори и медицински уреди.



Екранот на уредот е од стакло. Ако стаклото се скрши, престанете да го користите уредот и не допирајте ги делчињата скршено стакло. Веднаш испратете го уредот за поправка кај квалификуван сервисен персонал за ASUS.



Не слушајте на високо ниво на звук подолго време за да спречите можно оштетување на слухот.



Исклучете го напојувањето со електрична енергија пред да го чистите уредот. Користете само чист целулозен сунѓер или еленска кожичка при чистењето на екранот на вашиот уред.



Испратете го уредот за поправка само кај квалификуван сервисен персонал за ASUS.

## Соодветно фрлање



Постои ризик од експлозија доколку батеријата се замени со несоодветен тип на батерија. Фрлајте ги старите батерии според упатствата.



НЕ фрлајте ја батеријата во комунален отпад. Ознаката со пречкртана корпа за ѓубре укажува дека батеријата не треба да се фрла во комунален отпад.



НЕ фрлајте го овој производ во комуналниот отпад. Овој производ е дизајниран за да овозможи соодветна повторна употреба на деловите и рециклирање. Ознаката со пречкртана корпа за ѓубре укажува дека производот (електрична, електронска опрема и плосната батерија што содржи жива) не треба да се фрла во комуналниот отпад. Проверете ги локалните прописи за фрлање електронски производи.



НЕ фрлајте го овој производ во оган. НЕ вршете краток спој на контактите. НЕ расклопувајте го производот.

## Форум на обожаватели на ZenTalk (http://www.asus.com/zentalk/global_forward.php)

# Содржина


## 1 Основни податоци

Добредојдовте! 7
Подгответе го вашиот ASUS телефон! 8
Вклучување за прв пат 16
Користење на екранот на допир 18

## 2 Нема друго место како дома

**Почетни карактеристики на Зен 21**
Почетен екран 21
Брзи поставки 23
**Персонализирање на вашиот Почетен екран 25**
Апликации и виџети 25
Тапети 26
Проширен почетен екран 27
Поставување на датум и време 28
Поставување на вашиот тон на ѕвонење и звуци за аларми 28
**Заклучен екран 29**
Прилагодување на заклучениот екран 29
Прилагодување на копчињата за брз пристап 30

## 3 Работи многу, забавувај се уште повеќе

**Прегледувач 31**
Активирање на апликацијата Прегледувач 31
Споделување страници 32
Обележување страници 32
Чистење на кешот на прегледувачот 32
**Е-пошта 33**
Поставување сметки за е-пошта 33
Додавање на сметки за е-пошта 33
Поставување на Gmail сметка 34
Испраќање на покани за настани преку е-пошта 34
Испраќање е-пораки подоцна 35
**Календар 36**
Креирање настани 36
Додавање сметки на Календарот 36
Креирање настан од вашата сметка 37
Активирање на потсетници за настани 37
**Направи подоцна 38**
Додавање на задачи кои треба да се извршат 38
Поставување на приоритет на задачите кои треба да се извршат 38
Испраќање на е-порака сега 39
Бришење на задачи кои треба да се извршат 39
**Управник на датотеки 40**
Пристапување до внатрешниот мемориски склад 40
Пристапување до надворешниот уред за складирање 40
Пристапување до складирањето во Облак 40

**Облак** ........ **41**
ASUS WebStorage ........ 41
**ASUS поддршка** ........ **42**

## 4 Секогаш достапни

**Повик со стил** ........ **43**
Карактеристика две SIM картички ........ 43
Телефонирање ........ 45
Примање повици ........ 47
Други опции на повик ........ 48
Управување со повеќе повици ........ 49
Снимање повици ........ 49
**Управување со контакти** ........ **50**
Поставки за контакти ........ 50
Поставување на вашиот профил ........ 50
Додавање контакти ........ 50
Поставување на вашите VIP ........ 51
Означување на вашите омилени контакти ........ 52
Увезување контакти ........ 52
Социјално вмрежување со вашите контакти ........ 53
**Испраќање пораки и повеќе** ........ **54**
Размена на пораки ........ 54

## 5 Забава и разонода

**Користење слушалки** ........ **56**
Поврзување на аудио приклучок ........ 56
**Музика** ........ **57**
Активирање музика ........ 57
Репродуцирање песни ........ 57
Пренесување музика во Облак ........ 58
Креирање плеј листа ........ 59

## 6 Вашите скапоцени моменти

**Моменти за фотографирање** ........ **60**
Активирање на апликацијата Камера ........ 60
Користење на камера за прв пат ........ 60
Напредни карактеристики на камера ........ 64
**Користење на Галерија** ........ **68**
Гледање датотеки од вашата социјална мрежа или склад во облак ........ 68
Прегледување на локација на фотографија ........ 69
Споделување датотеки од Галерија ........ 70
Бришење датотеки од Галерија ........ 70
Уредување слики ........ 70
Користење Мини филм ........ 72

## 7 Секогаш поврзани

**Мобилна мрежа** ........ **73**

Активирање на мобилна мрежа ....73
**Wi-Fi ....73**
Активирање Wi-Fi ....73
Поврзување на Wi-Fi мрежа ....74
Исклучување Wi-Fi ....74
**Bluetooth® ....74**
Активирање Bluetooth® ....74
Спарување на вашиот ASUS телефон со Bluetooth® уред....75
Распарување на вашиот ASUS телефон од Bluetooth® уредот....75
**Тетеринг ....76**
Wi-Fi хот-спот....76
Bluetooth Тетеринг ....77

## 8 Патување и мапи

**Временска прогноза....78**
Активирање на апликацијата Временска прогноза ....78
Почетен екран Временска прогноза ....79
**Часовник....80**
Светски часовник ....80
Будилник ....81
Стоперка....81
Тајмер....82

## 9 Зен Врска

**Запознавање со Зен Врска....83**
Сподели Врска ....83
Далечинска Врска....84

## 10 Зен насекаде

**Посебни Зен алатки ....87**
Батериска ламба ....87
Калкулатор....89
Брз потсетник....90
Снимач на звук....91
**Има и повеќе за вашиот Зен....93**
Капак за ASUS ....93

## 11 Одржувај го твојот Зен

**Постојано ажурирање на вашиот уред ....94**
Ажурирање на вашиот систем ....94
Складирање ....94
Резервна копија и ресетирање....94
Заштита на твојот ASUS телефон....95

## Додаток

**Белешки....98**

# Основни податоци 1

## Добредојдовте!

Истражете ја интуитивната едноставност на ASUS Zen UI 2.0!

ASUS Zen UI 2.0 е шармантен и интуитивен интерфејс исклучиво за ASUS телефони. Обезбедува посебни апликации кои се интегрирани во или со други апликации за да ги исполни вашите единствени индивидуални потреби и да ви го направи животот полесен додека воедно ви овозможува да се забавувате со вашиот ASUS телефон.

**ASUS поддршка**
Најдете одговори од ЧПП (често поставувани прашања) или дадете повратни информации во форумот за корисници.

**Камера**
Со PixelMaster технологијата, забележете ги скапоцените моменти во живописни и висококвалитетни фотографии и видеа.

**Направи подоцна**
Паузирајте и занимавајте се со вашите важни е-пораки, СМС-пораки, интересни веб-страници или други важни задачи тогаш кога е поприкладно да го направите тоа.

**Зен Врска**
Добијте максимална продуктивност од Зен Врска, што се состои од апликациите Далечинска Врска, и Сподели Врска. Користете која било од овие апликации да се поврзете со други уреди за споделување и примање датотеки.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Достапноста на апликацијата Зен Врска се разликува во зависност од моделите на ASUS телефон.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Достапноста на апликацијата на ASUS Zen UI 2.0 се разликува во зависност од регионот и моделот на ASUS телефон. Допрете од вашиот Почетен екран за да ги проверите достапните апликации на вашиот ASUS телефон.

# Подгответе го вашиот ASUS телефон!

## Делови и карактеристики

Зграпчете го уредот и вклучете го за миг.




**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Извадете го задниот капак за да ги видите отворите за две micro SIM-картички и за microSD-картичка.
- Отворите за micro SIM-картичка ги поддржуваат мрежните опсези GSM/GPRS/EDGE, и WCDMA/HSPA+.

  Отворот за microSD-картичка поддржува картичка со microSD и microSDHC формат.

**ВАЖНО!**

- Не препорачуваме користење на заштитник за екран бидејќи истиот може да создава пречки на сензорот за близина. Ако сакате да користите заштитник за екран, осигурете се дека не го блокира сензорот за близина.
- Чувајте го уредот, особено екранот на допир, сув во секое време. Вода или други течности може да предизвикаат неисправност на екранот на допир.
- Осигурете се дека капакот на просторот за Micro-SIM/мемориска картичка е секогаш затворен кога работите со или го носите уредот.

## Инсталирање micro-SIM картичка

Претплатнички идентификациски микро модул (micro-SIM) картичка складира информации, како бројот на вашиот мобилен телефон, контакти, пораки и други податоци што ви овозможуваат пристап до мобилната мрежа.

Вашиот ASUS телефон доаѓа со два отвора за micro-SIM картичка што ви овозможува да поставите и да користите услуги на две мобилни мрежи без да мора да носите два мобилни уреда во исто време.

**ВНИМАНИЕ!**

- Овој уред е направен за користење само со micro-SIM картичка одобрена од мобилната мрежа.
- Не препорачуваме користење на сечени SIM картички во отворот за micro-SIM картичка.
- Исклучете го уредот пред да поставувате micro-SIM картичка.
- Бидете особено внимателни кога ракувате со micro-SIM картичка. ASUS не е одговорен за никаква загуба или штета настаната на вашата micro-SIM картичка.
- Не поставувајте мемориска картичка во отвор за micro-SIM картичка! Ако случајно е поставена мемориска картичка во отворот за micro-SIM, испратете го вашиот уред кај квалификуван сервисен персонал на ASUS.

За да инсталирате micro-SIM картичка:



1. Исклучете го уредот.
2. Лоцирајте го жлебот во долниот десен агол.

**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

3. Отворете го и извадете го задниот капак.

**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.



**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

- **НЕ КОРИСТЕТЕ** алатки како шрафцигери за да го извадите задниот капак.
- **НЕ ОТВОРАЈТЕ** ја micro USB портата

4. Ставете ја микро СИМ картичката во еден од отворите, а потоа вратете го задниот капак на место.




**IMPORTANT!**

- Користете само микро СИМ картичка на вашиот ASUS телефон. Скратена СИМ картичка можеби нема соодветно да одговара и можеби нема да биде препознаена од вашиот ASUS телефон.
- **НЕ инсталирајте празен нано до микро СИМ адаптер во отворот за микро СИМ картичка за да избегнете неповратна штета.**

**ВАЖНО:** Двата отвора за micro SIM-картичка го поддржуваат мрежниот опсег 3G/2G WCDMA. Но, само една micro SIM-картичка може да се поврзе со услуга 3G WCDMA во даден момент.

## Вадење на micro-SIM картичка

**ВНИМАНИЕ:** Бидете особено внимателни кога ракувате со micro-SIM картичка. ASUS не е одговорен за никаква загуба или штета настаната на вашата micro-SIM картичка.

За да извадите micro-SIM картичка:

1. Исклучете го уредот.

2. Лоцирајте го жлебот во долниот десен агол.



**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

3. Отворете го и извадете го задниот капак.

**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.



**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

- **НЕ КОРИСТЕТЕ** алатки како шрафцигери за да го извадите задниот капак.
- **НЕ ОТВОРАЈТЕ** ја micro USB портата.

4. Извадете ја micro SIM-картичката од отворот за micro SIM картичка.

5. Вратете го задниот капак на место.



## Инсталирање мемориска картичка

Вашиот ASUS телефон поддржува microSD™ и microSDHC™ мемориска картичка со капацитет до 64 GB.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Некои мемориски картички може да не се компатибилни со вашиот ASUS телефон. Осигурете се дека користите само компатибилни мемориски картички за да спречите загуба на податоци, оштетување на вашиот уред или мемориска картичка или и двете.

**ВНИМАНИЕ!**

- Бидете особено внимателни кога ракувате со мемориска картичка. ASUS не е одговорен за никаква загуба на податоци или оштетување настанато на вашата мемориска картичка.
- Не поставувајте micro-SIM  картичка во отворот за мемориска картичка! Ако случајно е поставена micro-SIM  картичка во отворот за мемориска картичка, донесете го вашиот уред кај квалификуван сервисен персонал на ASUS.

За да инсталирате мемориска картичка:

1. Исклучете го уредот.
2. Лоцирајте го жлебот во долниот десен агол.



**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

3. Отворете го и извадете го задниот капак.



**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

- **НЕ КОРИСТЕТЕ** алатки како шрафцигери за да го извадите задниот капак.
- **НЕ ОТВОРАЈТЕ** ја micro USB портата.

4. Вметнете ја microSD-картичката во отворот за microSD-картичка.
5. Вратете го задниот капак на место.



**ВНИМАНИЕ!** Не користете остри алати или растворувачи врз вашиот уред за да го заштитите од гребаници.

## Вадење на мемориска картичка

**ВНИМАНИЕ!**

- Бидете особено внимателни кога ракувате со мемориска картичка. ASUS не е одговорен за никаква загуба на податоци или оштетување настанато на вашата мемориска картичка.
- Правилно отстранете ја меморисксата картичка за безбедно да ја извадите од уредот. За да ја отстраните меморисксата картичка, одете на **Home (Почеток)** > **All Apps (Сите апликации)** > **Settings (Поставки)** > **Storage (Склад)** > **Unmount external storage.(Демонтирај надворешен склад.)**

За да извадите мемориска картичка:

1. Исклучете го уредот.

2. Лоцирајте го жлебот во долниот десен агол.



**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

3. Отворете го и извадете го задниот капак.



**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.

**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

- **НЕ КОРИСТЕТЕ** алатки како шрафцигери за да го извадите задниот капак.
- **НЕ ОТВОРАЈТЕ** ја micro USB портата.

4. Извадете ја microSD-картичката од отворот за microSD-картичка.



5. Вратете го задниот капак на место.

**ВНИМАНИЕ!** Не користете остри алати или растворувачи врз вашиот уред за да го заштитите од гребаници.

## Полнење на телефонот ASUS

Вашиот ASUS телефон доаѓа делумно наполнет, но мора целосно да го наполните пред да го употребите за прв пат. Прочитајте ги следните важни напомени и предупредувања пред да го полните уредот.

**ВАЖНО!**

- Користете го само испорачаниот адаптер за напојување со електрична енергија и micro-USB кабелот за полнење на вашиот ASUS телефон. Употреба на друг адаптер и кабел за напојување со електрична енергија може да го оштети вашиот уред.
- Излупете ја заштитната фолија на адаптерот за напојување со електрична енергија и micro-USB кабелот пред да ги употребите со вашиот уред.
- Осигурете се дека сте го вклучиле адаптерот за напојување со електрична енергија во компатибилен ѕиден приклучок. Може да го вклучите адаптерот за напојување со електрична енергија на секој компатибилен ѕиден приклучок од 100~240 V.
- Излезниот напон на адаптерот за напојување со електрична енергија за овој уред е 5.2V, 1A.
- Кога го користите телефонот ASUS додека е поврзан со ѕиден приклучок, ѕидниот приклучок мора да биде во близина на уредот и да биде лесно пристапен.
- За заштеда на електрична енергија, исклучете го адаптерот за напојување со електрична енергија од ѕидниот приклучок кога не се користи.
- Не ставајте тешки предмети врз вашиот ASUS телефон.

**ВНИМАНИЕ!**

- Додека се полни, вашиот ASUS телефон може да стане топол. Тоа е вообичаено, но сепак ако вашиот уред невообичаено се загрее, исклучете го micro-USB кабелот од вашиот уред и испратете го уредот, вклучувајќи го адаптерот за напојување со електрична енергија и кабелот кај квалификуван сервисен персонал на ASUS.
- За да спречите какво било оштетување на вашиот ASUS телефон, AC адаптер или micro-USB кабел. Проверете дали micro-USB кабелот, AC адаптерот и вашиот уред се правилно поврзани пред полнењето.

За полнење на телефонот ASUS:

1. Поврзете го micro USB кабелот со адаптерот за напојување.
2. Поврзете го micro USB кабелот со ASUS телефонот.
3. Вклучете го адаптерот за напојување со електрична енергија во заземјен ѕиден приклучок.



**ВАЖНО!**

- Кога го користите телефонот ASUS додека е поврзан со ѕиден приклучок, заземјениот приклучок мора да биде во близина на уредот и да биде лесно пристапен.
- Кога го полните телефонот ASUS преку компјутерот, проверете дали micro USB-кабелот е поврзан со USB 2.0 / USB 3.0 порта на компјутерот.
- Избегнувајте да го полните телефонот ASUS во околина со температура над 35°C (95°F).
- Полнете го ASUS телефонот осум (8) часа, пред да го користите во батериски режим за прв пат.
- Статусот на наполнетоста на батеријата е прикажан со следниве икони:

**Ниско** **Не полни** **Полни** **Полно**



**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Користете го само адаптерот за напојување што е испорачан со производот. Уредот може да се оштети со употреба на друг адаптер за напојување.
- Најдобар начин за полнење на телефонот ASUS е да го користите испорачаниот адаптер за напојување и сигналниот кабел на телефонот ASUS за да го поврзете телефонот со приклучок за напојување.
- Опсегот на влезниот напон меѓу ѕидниот приклучок и овој адаптер е AC 100V - 240V. Излезниот напон на уредот е 5.2V, 1A.

4. Кога е целосно наполнет, прво исклучете го USB кабелот од ASUS телефонот пред да го исклучите адаптерот за напојување со електрична енергија од ѕидниот приклучок.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Може да го користите уредот додека го полните но ќе биде потребно повеќе време за целосно да се наполни.
- Полнењето на уредот преку USB-порта на компјутер може да трае подолго за потполно да се наполни.
- Ако вашиот компјутер не обезбедува доволно напојување за полнење преку USB порта, наместо тоа полнете го ASUS телефонот користејќи го адаптерот за напојување со електрична енергија вклучен во ѕиден приклучок.

# Вклучување и исклучување на телефонот ASUS.

## Вклучување на вашиот уред

За да го вклучите уредот, притиснете го и држете го копчето за напојување додека вашиот уред не почне да вибрира и не се вклучи.

## Исклучување на вашиот уред

За да го исклучите уредот:

1. Ако екранот е исклучен, притиснете го копчето за напојување за да го вклучите. Ако вашиот екран е заклучен, отклучете го екранот на уредот.

2. Притиснете го и задржете го копчето за напојување, потоа кога ќе се побара, допрете **Power off (Исклучи)**потоа допрете **OK (ВО РЕД)**.

## Режим на спиење

За да го ставите уредот во режим на спиење, притиснете го копчето за напојување еднаш додека се исклучува екранот.



## Вклучување за прв пат

Кога ќе го вклучите ASUS телефонот за прв пат, Волшебникот за поставување ќе ве води низ постапката на поставување. Следете ги упатствата на екранот за да изберете јазик, начини на внесување, да ја поставите вашата мобилна мрежа и Wi-Fi, да синхронизирате сметки и да ги конфигурирате вашите локациски услуги.

Користете ја вашата Google или ASUS сметка за да го поставите уредот, ако сеуште немате Google или ASUS сметка, продолжете и креирајте таква.

## Google сметка

Користењето на Google сметка ви овозможува потполно да ги искористите овие карактеристики на оперативниот систем Android:

- Организирање и следење на сите ваши информации од секаде.
- Автоматско зачувување на сите ваши податоци.
- Прилагодување на Google услугите така како што е прикладно од секаде.

## ASUS сметка

Да имате ASUS сметка значи да ги имате следниве придобивки:

- Персонализирана ASUS услуга на поддршка и продолжување на гаранцијата за регистрирани производи.
- Бесплатни 5 ГБ простор за складирање во облак.
- Добивање на најнови ажурирања за уредот и фирмверот.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да го користите Волшебникот за поставување за да го преконфигурирате уредот, во кое било време кога вам ви одговара. From the (Од) Home screen (Почетен екран) tap ( допрете ) ▪▪▪ > **Setup Wizard (Волшебник за поставување)**.

## Совети за зачувување на батеријата

Наполнетоста на батеријата е од суштинско значење за вашиот ASUS телефон. Подолу се дадени некои совети за зачувување на батеријата што ви овозможуваат зачувување на напојувањето на батеријата на вашиот ASUS телефон.

- Затворете ги сите апликации што се извршуваат, а кои не се користат.
- Кога не го употребувате, притиснете го копчето за напојување за да го ставите уредот во режим на спиење.
- Активирајте Паметно штедење во апликацијата Штедење на енергија.
- Поставете го аудиото на Паметен режим.
- Намалете ја осветленоста на екранот.
- Задржете го нивото на звукот на пониско ниво.
- Исклучете Wi-Fi.
- Исклучете Bluetooth.
- Исклучете автоматско ротирање на екранот.
- Исклучете ги сите автоматски синхронизирања кај вашиот уред.

# Користење на екранот на допир

Користете ги овие гестови на екранот на допир за да активирате апликации, да пристапите до некои поставки и да се движите низ вашиот ASUS телефон.

## Активирање апликации или избирање ставки

Направете нешто од следново:

- За да активирате апликација, едноставно допрете ја.
- За да изберете ставка како на пример во апликацијата Управник на датотеки,, едноставно допрете на истата.







## Преместување или бришење на ставки

Направете нешто од следново:

- За да преместувате апликација или виџет, допрете и задржете, а потоа влечете кон локацијата каде што сакате да биде.
- За да избришете апликација или виџет од почетниот екран, допрете и задржете, а потоа повлечете ги нагоре кон **Remove (Избриши)**.



## Движење низ страници или екрани

Направете нешто од следново:

- Поминете со прстот кон лево или кон десно за да менувате помеѓу екрани или да вртите во Галеријата со слики.

- Лизнете со прстот нагоре или надолу за да поминувате низ веб-страниците или списоците со ставки.







## Зумирање

Раширете ги вашите два прста на панелот на допир за да зумирате слика во Галерија или Мапи, или да зумирате на веб-страница.



## Одзумирање

Спојте ги вашите два прста на панелот на допир за да одзумирате слика во Галерија или Мапи, или да одзумирате на веб-страница.




---

**ЗАБЕЛЕШКА:** Можеби нема да бидете во можност да зумирате/одзумирате на некои веб-страници бидејќи тие страници може да се посебно дизајнирани за да одговараат на екранот на вашиот мобилен телефон.

---

# Нема друго место како дома 2

## Почетни карактеристики на Зен

### Почетен екран

Добивајте потсетници за важни настани, апликации и ажурирање на системот, временски прогнози и текстуални пораки од луѓе кои ви се важни, непосредно од почетниот екран.




Поминете со прст надолу низ оваа област еднаш за да се прикажат **System notifications (Системски известувања)** Поминете со прст низ оваа област двапати за да се прикажат **Quick settings (Брзи поставки)**

Допрете да се прикажат**Time settings ( Поставки за време)**

Допрете да се ажурираат поставките за **Weather (Временска прогноза)**

Допрете да ја отворите страницата **Google Search**

Допрете за да отворите **Voice Search (Пребарување со глас)**

Допрете за да го отворите екранот **All Apps (Сите апликации)**

Допрете за да отворите апликација

Поминете со прст по почетниот екран кон лево или десно за да се прикаже проширениот Почетен екран.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За да додадете повеќе страници на вашиот Почетен екран, видете проширениот Почетен екран

## Препознавање на иконите за известување

Овие икони се прикажани на статусната лента  и ќе ви го покажуваат тековниот статус на вашиот ASUS телефон.

**Мобилна мрежа**
Ја покажува јачината на сигналот на вашата мобилна мрежа.

**Micro SIM-картичка 1**
Покажува дека micro SIM картичката е поставена во отворот за micro SIM картичка 1.

**Micro SIM-картичка 2**
Покажува дека micro SIM картичката е поставена во отворот за micro SIM картичка 2.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Ако иконата SIM картичка е прикажана со зелено, тоа укажува дека е поставена како претпочитана мрежа.

**Пораки**
Покажува дека имате непрочитана порака.

**Wi-Fi**
Ја покажува јачината на сигналот на вашата Wi-Fi врска.

**Bluetooth**
Покажува дека Bluetooth е вклучен.

**Автоматска синхронизација**
Покажува дека автоматската синхронизација е вклучена.

**Времетраење на батеријата**
Го покажува статусот на батеријата на вашиот ASUS телефон.

**MicroSD картичка**
Покажува дека microSD картичка е поставена во вашиот ASUS телефон.

**Слики од екран**
Покажува дека сте направиле слики од екранот на вашиот ASUS телефон.

**Авионски режим**
Покажува дека вашиот ASUS телефон е во авионски режим.

**Wi-Fi хот-спот**
Покажува дека е активиран Wi-Fi хот-спот на вашиот ASUS телефон.

**Режим нечујно**
Покажува дека режимот нечујно е активиран.

**Режим на вибрации**
Покажува дека режимот вибрации е активиран.

**Статус на преземање**
Го покажува статусот на преземање на апликација или датотека.

## Брзи поставки

Панелот Брзи поставки обезбедува пристап со еден допир до некои од безжичните карактеристики и поставки на вашиот ASUS телефон. Секоја од овие карактеристики е претставена со копче.

За да се активира панелот Брзи поставки, поминете со прст надолу од горниот десен агол на вашиот ASUS телефон.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Сино копче укажува дека карактеристиката е тековно активирана додека сиво копче укажува дека карактеристиката е деактивирана. Зелените копчиња се однесуваат на поединечни услужни програми до кои може брзо да пристапите преку панелот за известување за брзи поставки.




Допрете да активирате екран за прикажување поставки

Лизгајте лево или десно да ја прилагодите осветленоста на екранот

Допрете за да отворите **Settings (Поставки)**

Поминете со прстот нагоре за да се префрлите во панелот за системски известувања

Допрете ги овие копчиња да ги активирате или деактивирате нивните функции.

## Системски известувања

Од системски известувања, може да ги видите најновите извршени ажурирања и промени на системот на вашиот ASUS телефон. Најголем број од овие промени се поврзани со податоците и со системот.

За да се активира панелот за системски известувања, поминете со прст надолу од горниот лев агол на вашиот ASUS телефон.




Допрете на оваа област за да се префрлите во панелот за Брзи поставки

Допрете за да отворите **Settings (Поставки)**

Допрете го ова за да ги избришете сите наведени известувања

Поминете со прст по известувањето кон лево или десно за да го избришете од списокот

Допрете на известувањето за да ги видите деталите

# Персонализирање на вашиот Почетен екран

Прикажете ја вашата индивидуалност на Почетниот екран. Изберете привлечен дизајн како ваш тапет и кратенки за брз пристап до вашите омилени апликации и додадете виџети за брз преглед на важните информации.  Исто така може да додадете повеќе страници за да може да додавате и брзо да пристапувате или погледнувате повеќе апликации или виџети на вашиот Почетен екран.

Да започне Управувај со Почетен екран:

- Допрете ја и задржете ја празната област на вашиот Почетен екран
- Поминете со прст нагоре од дното на вашиот Почетен екран




## Апликации и виџети

Брзите пристапи до Апликации ви го олеснуваат пристапот кој најчесто го користите или омилените апликации од вашиот Почетен екран. Може да додавате, отстранувате или да ги групирате вашите апликации во една папка.

Може да ставате виџети, кои се мали динамични апликации, на вашиот Почетен екран. Виџетите ви овозможуваат брзи прегледи на временската прогноза, информации за настани од календарот, состојбата на батеријата и друго.

### Додавање брзи пристапи за апликации или виџети

За да додадете брз пристап за апликација или виџет:

1. Допрете ја и задржете ја празната област на вашиот Почетен екран и изберете **Apps & Widgets (Апликации и виџети)**.
2. Од списокот Сите апликации или екранот со виџети, допрете и задржете апликација или виџет, потоа повлечете го на празна област на вашиот Почетен екран.

### Отстранување брзи пристапи за апликации или виџети

Од вашиот Почетен екран, допрете и задржете апликација или виџет, потоа повлечете го до **Remove (Отстрани)** на врвот на вашиот екран. Апликацијата што ја отстранивте од вашиот Почетен екран ќе остане на екранот Сите апликации.

## Групирање на брзите пристапи за апликации во папка

Креирајте папки за да ги организирате брзите пристапи до вашите апликации на почетниот екран.

1. На вашиот Почетен екран, допрете и повлечете апликација на друга апликација и ќе се појави папка со автоматски назначено име.

2. Ако сакате да го смените името на папката, допрете на папката и допрете го името на папката за да назначите ново име на оваа папка.

## Тапети

Дозволете вашите апликации, икони и други Зен елементи бидат поставени на атрактивно дизајниран тапет. Може да додадете проѕирно мастило во позадина на вашиот тапет за читливост и јасност. Исто така може да изберете анимиран тапет кој ќе го оживее вашиот екран.




Движете го лизгачот за да ја прилагодите проѕирноста на тапетот

Допрете за да примените позадинско мастило

Допрете за да изберете тапет

Допрете за да изберете слика од вашите зачувани фотографии или слики

## Поставување тапет и позадинско мастило

За да поставите тапет и позадинско мастило:

1. Допрете и задржете празна област на вашиот Почетен екран и изберете **Wallpapers (Тапети)**.

2. Штиклирајте **Позадинско мастило**, а потоа прилагодете го нивото на проѕирност.

3. Допрете  потоа изберете боја.

4. Изберете тапет, а потоа допрете **Apply (Постави)**.

## Поставување анимиран тапет

За да поставите анимиран тапет:

1. Допрете и задржете празна област на вашиот Почетен екран и изберете **Тапети**.

2. Изберете анимиран тапет, а потоа допрете **Постави**.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да ги поставите параметрите на вашиот тапет од ■■■ > **Settings (Поставки) > Display (Приказ).**

# Проширен почетен екран

## Проширување на вашиот почетен екран

Може да додадете повеќе страници за да го проширите почетниот екран и да поставите повеќе брзи пристапи за апликации и виџети на истиот.

1. Допрете и задржете празна област на вашиот Почетен екран и изберете **Уреди страници**.

2. Допрете + за да додадете нова страница. Доколку сакате да избришете проширен почетен екран, изберете, а потоа повлечете и спуштете го во 🗑.

## Поставување на датум и време

Стандардно, датумот и времето што се прикажани на вашиот почетен екран автоматски се синхронизираат со параметрите на вашата мобилна мрежа.

За да ги смените поставките за датум и време:

1. Допрете го екранот Поставки со правење на едно од следниве:
   - Допрете Брзи поставки, а потоа допрете ⚙.
   - Допрете ■■■ > **Settings (Поставки)**.
2. Лизгајте надолу по екранот Поставки и изберете **Date & time (Датум и време)**.
3. Поставете **Automatic date & time (Автоматски датум и време)** и **Automatic time zone (Автоматска временска зона)** на **Off (Исклучено)**.
4. Изберете ја временската зона и рачно поставете го датумот и времето.
5. Може да изберете користење на 24-часовен формат, ако така претпочитате.
6. Изберете го форматот на датум што сакате да се прикажува.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така видете Часовник.

## Поставување на вашиот тон на ѕвонење и звуци за аларми

Поставете го звукот за тон на ѕвонење на вашиот телефон, известувања како што се текстуални пораки, е-пораки и известувања за настани. Исто така може да изберете да ги активирате или деактивирате тоновите при допир на тастатурата, звуците при допир, звукот за заклучување на екран, или може да изберете вашиот ASUS телефон да вибрира кога ќе допрете на истиот.

За да ги поставите поставките за звук:

1. Активирајте го екранот Поставки со правење на едно од следниве:
   - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете ⚙.
   - Допрете ■■■ > **Settings (Поставки)**.
2. Лизгајте надолу по екранот Поставки и изберете **Sound & notification (Звук и известување)**.
3. Поставете ги вашите претпочитани поставки за звук.

# Заклучен екран

Стандардно, заклучениот екран се појавува по вклучувањето на вашиот уред и додека го будите од режим на спиење. Од заклучениот екран, може да продолжите до Android® системот на вашиот уред со поминување со прст на панелот на екранот на допир.

Заклучениот екран на уредот исто така може да биде прилагоден за да се уреди пристапот до вашите мобилни податоци и апликации.

## Прилагодување на заклучениот екран

Ако сакате да ги смените поставките на заклучениот екран од стандардната опција **Swipe (Помини со прст)** , направете ги следниве чекори:

1. Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .

2. Лизгајте надолу по екранот **Settings (Поставки)** и изберете **Lock screen (Заклучен екран).**




3. На следниот екран, допрете **Заклучен екран.**




4. Допрете ја опцијата на заклучен екран што би сакале да ја користите.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За повеќе детали, видете Отклучување на вашиот екран.

## Прилагодување на копчињата за брз пристап

Стандардно, вашиот заклучен екран вклучува копчиња за брз пристап за следниве апликации: Телефон, Пораки и Камера. Сменете ги овие стандардни поставки и прилагодете ги овие копчиња за да активирате други апликации на заклучениот екран користејќи ги следниве чекори:

1. Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете ⚙.
2. Лизгајте надолу по екранот **Settings (Поставки)** и изберете **Lock screen (Заклучен екран.)**
3. Под екранот Брз пристап, изберете кое копче сакате да го прилагодите




4. Допрете ја апликацијата што би сакале однапред да ја поставите на копчето за брз пристап што ќе изберете да го конфигурирате.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Лизгајте нагоре или надолу за да го видите тековниот список на апликации што може однапред да се постават.




5. Држете го и повлечете го копчето за брз пристап за да го преуредите нивниот ред.

# *Работи многу, забавувај се уште повеќе* 3

## Прегледувач

Двигателот на вашиот модерен прегледувач заснован на Хром ви овозможува да сурфате на интернет со висока брзина. Неговиот јасен и интуитивен Зен интерфејс овозможен од технологија за трансформирање на текст ги оптимизира веб содржините подобро да се вклопат на екранот на вашиот ASUS телефон. Со својот режим за приказ на магазин преку неговата карактеристика Паметен читач, со задоволство може да ги читате вашите омилени веб содржини он-лајн или оф-лајн без никакви ставки кои го нарушуваат вниманието како на пример ленти со реклами. Исто така може да штиклирате интересна страница како задача за подоцнежно читање, што може да ја вчитате од апликацијата Направи подоцна и да ја прочитате тогаш кога вам ви одговара.

**ВАЖНО!** Пред какво било сурфање на интернет или активности поврзани со интернет, осигурете се дека вашиот ASUS телефон е поврзан на Wi-Fi или на мобилна мрежа. За повеќе детали, видете Секогаш поврзани.

### Активирање на апликацијата Прегледувач

Од почетниот екран, направете нешто од следново за да ја активирате апликацијата Прегледувач:

- Допрете .
- Допрете > **Browser (Прегледувач).**



## Споделување страници

Споделувајте интересни страници од вашиот ASUS телефон со другите преку сметка за е-пошта, сметка за складирање во облак, Bluetooth, или други апликации на ASUS телефон.

1. Активирајте го прегледувачот.
2. Од веб-страница, допрете ⋮ > **Share link (Сподели врска)**.
3. Допрете ја сметката или апликацијата што сакате да ја користите како медиум при споделувањето на страницата.

## Обележување страници

Обележете ги вашите омилени страници или веб-страници за да може да се вратите назад и повторно да ги прегледате.

За да обележите страница:

Од страницата, допрете ⋮ > **Save to bookmarks (Зачувај во обележувачи)**. Следниот пат кога ќе го отворите прегледувачот, може брзо да допрете на вашата обележана страница.

## Чистење на кешот на прегледувачот

Исчистете го кешот на пребарувачот за да избришете привремени интернет датотеки, веб-страници и колачиња што се привремено зачувани во вашиот ASUS телефон. Ова помага да се подобрат перформансите за вчитување на вашиот прегледувач:

1. Активирајте го прегледувачот.
2. Допрете ⋮ > **Settings (Поставки)** > **Privacy & security (Приватност и безбедност)** > **Clear cache (Исчисти кеш)**.
3. Кликнете **OK (ВО РЕД)** на пораката за потврдување.

# Е-пошта

Додадете Exchange, Gmail, Yahoo! Mail, Outlook.com, POP3/IMAP сметки за да може да добивате, креирате и прегледувате е-пораки директно од вашиот уред. Исто така може да ги синхронизирате вашите контакти од е-пошта од овие сметки на вашиот ASUS телефон.

**ВАЖНО!** Вашиот ASUS телефон мора да биде поврзан на Wi-Fi или на мобилна мрежа за да може да додадете сметка за е-пошта или да испратите или да добиете е-пораки од додадените сметки. За повеќе детали, видете Секогаш поврзани.

## Поставување сметки за е-пошта

Поставете ја вашата постоечка приватна или службена сметка за е-пошта за да може да добивате, читате и испраќате е-пораки од вашиот ASUS телефон.

1. Од почетниот екран, допрете **Email (Е-пошта)** за да ја активирате апликацијата Е-пошта.
2. Допрете на давателот на поштенската услуга што сакате да го поставите.
3. Запишете ја вашата адреса за е-пошта и лозинка и допрете **Next (Следно)**.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Почекајте додека вашиот уред автоматски ги провери поставките на вашиот сервер за појдовни и дојдовни пораки.

4. Конфигурирајте **Account settings (Поставки на сметка)** како што е фрекфенцијата на проверка на приемното сандаче, денови на синхронизација или известувања за дојдовни е-пораки. Кога ќе завршите, допрете **Next (Следно)**.
5. Запишете го името на сметката што сакате да биде прикажано во појдовните пораки, а потоа допрете **Next (Следно)** за да се пријавите во вашето приемно сандаче.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Доколку сакате да ја поставите вашата службена сметка на вашиот ASUS телефон, побарајте ги поставките за е-пошта од вашиот мрежен администратор.

## Додавање на сметки за е-пошта

Доколку немате постоечка сметка за е-пошта, може да креирате таква за да може да добивате, читате и испраќате е-пораки директно од вашиот ASUS телефон.

1. Од почетниот екран, допрете **Email (Е-пошта)** за да ја активирате апликацијата Е-пошта.
2. Допрете ⋮ > **Settings (Поставки)**, а потоа додадете сметка за е-пошта.
3. Допрете го давателот на поштенска услуга што сакате да го додадете
4. Следете ги последователниве упатства за да завршите со поставувањето на вашата нова сметка за е-пошта.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да погледнете од чекор 3 до 5 во делот Поставување сметки за е-пошта за да ја завршите оваа поставка на поставување.

## Поставување на Gmail сметка

Поставете ваша Gmail сметка за да се вклучите во услуги и апликации поврзани со Google, како и да добивате, испраќате и прегледувате е-пораки директно од вашиот ASUS телефон.

1. Допрете **Google** потоа допрете **Gmail**.
2. Допрете **Existing (Постоечка)** и запишете ја вашата постоечка Gmail сметка и лозинка, а потоа допрете ▶.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Допрете **New (Нова)** ако немате ваша Google сметка.
- Кога се пријавувате, треба да почекате додека вашиот уред комуницира со серверите на Google за поставување на вашата сметка.

3. Користете ја вашата Google сметка за да правите резервна копија и да ги обновувате вашите поставки и податоци. Допрете ▶ за да се пријавите со вашата Gmail сметка.

**ВАЖНО!** Ако имате неколку сметки за е-пошта кои не се од Gmail, користете апликација Е-пошта за да ги поставите и пристапувате до сите ваши сметки за е-пошта.

## Испраќање на покани за настани преку е-пошта

Може да испратите покани за настан преку е-пошта директно од вашиот ASUS телефон, како и да поставите алармно известување за настанот.

1. Од почетниот екран, допрете **Email (Е-пошта)**.
2. Допрете ⋮ > **Meeting invitation (Покана за состанок)**.
3. Во полето **Event name (Име на настан)**, внесете го името на настанот.
4. Во полето **Location (Локација)**, внесете ја улицата, градот/покраината, државата и поштенскиот број на местото на настанот.
5. Ставете го Одбројувањето на **ON (ВКЛУЧЕНО)**. Ќе добиете известување со одбројување на панелот за системско известување како и за деновите што преостануваат до одржувањето на тој настан.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За детали за панелот за системски известувања, видете Системски известувања.

6. На полето **Reminders(Потсетници)**, изберете го времето во кое сакате да добиете аларм или потсетник за настанот.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Ќе добиете известување за настан како ваша активност Што следи. За повеќе детали, видете Што е следнот.

7. Допрете на полето **Guests (Гости )**и изберете ги контактите на кои сакате да им испратите покана.
8. Штом сте завршиле, допрете ✓ да зачувате и да излезете.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да испраќате електронски покани од апликацијата Календар. За детали, видете Креирање настани.

## Испраќање е-пораки подоцна

Кога ќе примите е-пошта, може да ја поставите како задача за испраќање е-пошта подоцна и може да одговорите на оваа е-порака кога повеќе ви одговара од апликацијата Направи подоцна.

1. Од почетниот екран, допрете **Email (Е-пошта)**.
2. Изберете ја е-пораката што сакате да ја испратите подоцна од вашето приемно сандаче.
3. Допрете ⋮ > **Reply Later (Одговори подоцна)**.
4. За да ја вчитате е-пораката, допрете **ASUS** > **Do It Later (Направи подоцна)** од почетниот екран.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За детали за подоцнежно одговарање на е-пораки, видете Emailing now.

# Календар

Апликацијата Календар ви овозможува да следите важни настани користејќи го вашиот ASUS телефон. Заедно со создавањето настани исто така може да поставувате потсетници или да креирате известување со одбројување за да се осигурате дека нема да ги заборавите важните случувања.  Исто така ги складира настаните, како што се родендени и годишнини, што сте ги поставиле за вашите VIP контакти.

## Креирање настани

За да креирате настан:

1. Допрете **ASUS** > **Calendar (Календар).**
2. Допрете + за да креирате нов настан.
3. На екранот Нов настан, внесете ги сите потребни детали за вашиот настан.
4. Ставете го Одбројувањето на **ON (ВКЛУЧЕНО)**. Ќе добиете известување со одбројување на панелот за системско известување како и за деновите што преостануваат до одржувањето на тој настан.

> **ЗАБЕЛЕШКА:** За детали за панелот за системски известувања, видете Системски известувања.

5 На полето **Reminders (Потсетници)**, изберете го времето во кое сакате да добиете аларм или потсетник за настанот.

6. Штом сте завршиле, допрете ✓ да зачувате и да излезете.

## Додавање сметки на Календарот

Покрај креирањето на настан евидентиран на вашиот ASUS телефон, може исто така да го користите календарот за да креирате настани што автоматски се синхронизираат со вашите он-лајн сметки. Но прво, овие сметки мора да се додадат на календарот користејќи ги следниве чекори:

1. Допрете **ASUS** > **Reminders (Календар.)**
2. Допрете ⋮ > **Accounts (Сметки)** > +.
3. Допрете ја сметката што сакате да ја додадете
4. Следете ги последователните упатства на екранот за да го завршите додавањето на новата сметка на календарот.

## Креирање настан од вашата сметка

Откако ќе додадете он-лајн сметки кои сакате да ги синхронизирате со Календар, може да го искористите вашиот ASUS телефон да креирате известувања за овие он-лајн сметки следејќи ги следниве чекори:

1. Допрете **ASUS** > **Calendar (Календар).**

2. Допрете + за да започнете со креирање нов настан.

3. На екранот Нов настан, допрете **My Calendar (Мој календар)** за да ги видите сите сметки што се тековно синхронизирани со календарот.

4. Допрете ја сметката каде што би сакале да креирате нов настан.

5. На екранот Нов настан, внесете ги сите потребни детали за вашиот настан.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Вашата он-лајн сметка претходно мора да биде додадена на Календарот пред да може да продолжите со следните чекори. За повеќе детали, видете Додавање сметки на Календарот.

## Активирање на потсетници за настани

Вклучете ја функцијата за известување од апликацијата Календар за да добивате потсетници и известувања за посебни настани како родендени, годишнини, состаноци и други важни настани што ви значат.

1. Допрете **ASUS** > **Calendar(Календар).**

2. Допрете ⋮ > **Accounts (Сметки)**.

3. Допрете ги сметките од кои сакате да добивате потсетници.




**ЗАБЕЛЕШКИ:** За детали за поставување известувања за настан за вашите VIP, видете Додавање на настан на VIP контакт..

# Направи подоцна

Зграпчете ги дури и најтривијалните нешта во вашиот динамичен живот. Дури и кога сте премногу зафатени, одговорете на вашите е-пораки или додадете други важни задачи кои треба да ги извршите кога ќе можете.

Означете ги вашите непрочитани е-пораки како ставки **Reply Later (Одговори подоцна)** или **Read Later (Прочитај подоцна)** . Овие означени ставки ќе бидат додадени на вашите задачи Направи подоцна и вие може да одговорите на овие задачи тогаш кога ќе можете.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Популарни апликации од трета страна што го поддржуваат Направи подоцна се Google Maps, Google Chrome, Google Play, YouTube, и iMDb.
- Не сите апликации може да споделуваат и додаваат задачи во Направи подоцна.

## Додавање на задачи кои треба да се извршат

Креирајте важни задачи за извршување за да ја организирате вашата работа или друштвените активности во вашиот професионален или социјален живот.

1. Од почетниот екран, допрете **ASUS** > **Do It Later (Направи подоцна).**
2. Допрете + потоа пополнете ги потребните информации.
3. Ако сакате да го поставите нивото на важност, изберете **High (Високо)** во полето за важност.
4. Кога сте готови, допрете **OK (ВО РЕД)**.

## Поставување на приоритет на задачите кои треба да се извршат

Поставете го нивото на важност на вашите задачи за извршување за да можете да го одредите приоритетот и соодветно да се зафатите со истите.

1. Од почетниот екран, допрете **ASUS** > **Do It Later (Направи подоцна).**
2. Допрете ја задачата што сакате да ја поставите како врвен приоритет.
3. Под полето за важност во екранот за задачи, изберете Висока.
4. Кога сте готови, допрете **OK (ВО РЕД)**.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Задачите за извршување со висок приоритет се означени како ! на вашиот список Направи подоцна. Ова ви овозможува брзо да одредите за кои задачи што треба да се извршат е потребно непосредно дејствување.

## Испраќање на е-порака сега

Може да ја означите е-пораката како задача за подоцнежно одговарање и да одговорите на истата подоцна од апликацијата Направи подоцна.

1. Од почетниот екран, допрете **ASUS** > **Do It Later (Направи подоцна).**

2. Изберете ја е-пораката на која сакате да го одговорите сега, а потоа допрете **Одговори сега.**

3. Кога сте готови, допрете  да ја означите задачата како завршена.

> **ЗАБЕЛЕШКА:** За детали за поставувањето на вашите е-пораки како задачи за подоцнежно одговарање, видете Испраќање е-пораки подоцна.

## Бришење на задачи кои треба да се извршат

Може да ги избришете сите завршени, задачи со поминат рок или непотребни задачи за извршување од апликацијата Направи подоцна.

1. Од почетниот екран, допрете **ASUS** > **Do It Later.(Направи подоцна)**.

2. Поминете со прст по задачата што сакате да ја отстраните од списокот на лево/десно.

# Управник на датотеки

Користењето на Управникот на датотеки ви овозможува лесно да ги лоцирате и да управувате со вашите податоци во внатрешниот мемориски склад на вашиот ASUS телефон и поврзаните надворешни уреди за складирање.

## Пристапување до внатрешниот мемориски склад

За да пристапите до внатрешниот мемориски склад:

1. Допрете **ASUS** > **File Manager(Управник на датотеки)**.

2. Допрете ☰ > **Internal storage(Внатрешен мемориски склад)** за да ги видите содржините на вашиот ASUS телефон, а потоа допрете ставка за да изберете.

## Пристапување до надворешниот уред за складирање

За да пристапите до надворешниот уред за складирање:

1. Вметнете ја microSD-картичката во вашиот ASUS телефон..

2. Допрете **ASUS** > **File Manager(Управник на датотеки)**.

3. Допрете ☰ > **MicroSD** за да ги видите содржините на вашата microSD картичка.

## Пристапување до складирањето во Облак

**ВАЖНО!** Осигурете се дека Wi-Fi или мобилната мрежа се активирани на вашиот ASUS телефон. За детали, видете Секогаш поврзани.

За да пристапите до датотеките зачувани на вашите сметки за складирање во облак:

1. Допрете **ASUS** > **File Manager (Управник на датотеки)**.

2. Допрете ☰ > потоа допрете ја локацијата за складирање во облак под **Cloud Storage (Складирање во Облак).**

# Облак

Направете резервна копија на вашите податоци, синхронизирајте датотеки помеѓу различни уреди и сигурно и приватно споделувајте датотеки преку сметка во облак како ASUS WebStorage, Drive, OneDrive и Dropbox.

## ASUS WebStorage

Регистрирајте се или пријавете се на ASUS WebStorage и добијте бесплатно складирање во облак. Автоматски поставувајте неодамна снимени фотографии за инстант споделување, синхронизирајте датотеки помеѓу различни уреди или споделувајте датотеки преку вашата сметка на ASUS WebStorage.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За да уживате во функцијата за автоматско поставување активирајте инстант поставување од **Поставки > Инстант поставување** во вашиот ASUS WebStorage**.**

**ВАЖНО!** Осигурете се дека Wi-Fi или мобилната мрежа се активирани на вашиот ASUS телефон. За детали, видете Секогаш поврзани.



# ASUS поддршка

Најдете одговори од ЧПП (често поставувани прашања) или воспоставете директна интеракција со други корисници на Zen UI за да најдете и споделите решенија за апликациите Zen UI 2.0.

За да пристапите во ASUS поддршка:

1. Допрете > **ASUS Support (ASUS поддршка)**.

2. Допрете го **ZenUI FAQs** > **ZenUI apps** табулаторот, потоа изберете ја апликацијата за која сакате да најдете одговори.



# *Секогаш достапни* 4

## Повик со стил

### Карактеристика две SIM картички

Карактеристиката две SIM картички на вашиот ASUS телефон ви овозможува да ракувате со поставките на инсталираните micro SIM картички. Со оваа карактеристика, вие може да активирате/деактивирате micro SIM картички, или да поставите една од нив за претпочитана мрежа.



## Назначување на претпочитана micro SIM-картичка

Назначете ја микро СИМ картичката како ваша претпочитана СИМ за СМС пораки, повици и податочни услуги.

### SIM картичка за податочни услуги

За да назначите микро СИМ картичка за податочни услуги, допрете **Cellular data (Мобилни податоци)** потоа изберете од **SIM1 (СИМ1)** или **SIM2 (СИМ2)**.




### СИМ картичка за повици

Кога ќе направите повик, вашиот ASUS телефон автоматски ја користи претпочитаната micro SIM картичка за воспоставување на повик.

За да назначите микро СИМ картичка за повици, допрете **Calls (Повици)** потоа допрете ја СИМ картичката што сакате да ја користите.




**ВАЖНО!** Може да ја користите оваа карактеристика само кога телефонирате од вашиот список на контакти.

### СИМ картичка за СМС пораки

За да назначите микро СИМ картичка за СМС пораки, допрете **SMS messages (СМС пораки)** потоа допрете ја СИМ картичката што сакате да ја користите.



# Телефонирање

Вашиот ASUS телефон ви нуди многу начини да телефонирате. Повикајте ги вашите пријатели од списокот на контакти, паметно бирање за брзо воспоставување повик, или внесете број за брзо бирање за да го повикате контактот што често го повикувате.

---

**ЗАБЕЛЕШКА:** Организирајте ги вашите контакти во апликацијата Контакти. За детали, видете Управување со контакти.

---

## Активирање на апликацијата Телефон

Од почетниот екран, направете нешто од следново за да ја активирате апликацијата Телефон:

- Допрете .
- Допрете  > .

## Бирање на телефонски број

Користете ја апликацијата Телефон за директно да бирате телефонски број.

1. Од почетниот екран, допрете **Asus** > **Contacts (Контакти)** а потоа допрете ги броевите.
2. Изберете од копчињата за повикување **SIM1** или **SIM2** за да го бирате бројот.

---

**ЗАБЕЛЕШКА:** Ознаките на копчињата за бирање може да се разликуваат во зависност од поставките што сте ги направиле на вашата micro SIM картичка. За повеќе детали, видете Карактеристика две SIM картички.

---

## Бирање на број на локал

Кога треба да повикате број на локал, вие може да направите некои од следниве чекори за да ги прескокнете говорните известувања.

### Барање потврда за бројот на локал

Може да го внесете известувањето за потврда за бројот на локал по бирањето на главниот број.

1. Од апликацијатаТелефон, внесете го главниот број.
2. Допрете и задржете **#** за да внесете известување за потврда кое се дава со точка и запирка (;).
3. Изберете од копчињата за повикување **SIM1** или **SIM2** за да телефонирате.
4. Кога од вас ќе се побара, допрете **Yes (Да)** за да го потврдите бројот на локал.

## Автоматско бирање на локал

Може да вметнете кратка или долга пауза по бирањето на главниот број, а потоа бројот на локал се бира автоматски.

1. Од апликацијатаТелефон, внесете го главниот број.

2. Допрете и задржете ***** за да внесете пауза која се дава со запирка (,).

> **ЗАБЕЛЕШКА:** Ако сакате подолга пауза допрете и задржете * повторно.

3. Внесете го локалот.

4. Изберете од копчињата за повикување **SIM1** или **SIM2** за да телефонирате.

5. Допрете  за да го завршите повикот.

## Паметно бирање на вашите контакти

Како што ги внесувате првите неколку броја или букви од името на вашиот контакт, паметното бирање пребарува низ вашиот список на контакти или дневници на повици и ви предлага можни совпаѓања. Може да проверите дали контактот што се обидувате да го добиете е на списокот на можни совпаѓања, а потоа може брзо да го воспоставите тој повик.

1. Активирајте ја апликацијата Телефон, а потоа внесете го бројот или името на контактот.

2. Од списокот на можни совпаѓања допрете го контактот што сакате да го повикате. Ако контактот не е на списокот, внесете го целиот број или името на контактот.

3. Изберете од копчињата за повикување **SIM1** или **SIM2** за да телефонирате.

> **ЗАБЕЛЕШКА:** Ознаките на копчињата за бирање може да се разликуваат во зависност од поставките што сте ги направиле на вашата micro SIM картичка. За повеќе детали, исто така видете Карактеристика две SIM картички.

## Повикување од апликацијата Контакт

Користете ја апликацијата Контакт за да телефонирате од вашиот список на контакти.

1. Активирајте ја апликацијата Контакти

2. Допрете го името на контактот, а потоа допрете го бројот што сакате да го бирате.

3. Ако има инсталирани две SIM картички, допрете ја SIM картичката од која сакате да воспоставите повик.

4. Допрете  за да го завршите повикот.

> **ЗАБЕЛЕШКА:** За да ги видите сите контакти од сите сметки на контакти, допрете го паѓачкиот список **Прикажување на контакти** а потоа штиклирајте ги сите сметки.

## Повикување на вашите омилени контакти

Кога ќе додадете контакт во списокот Омилени, може брзо да го повикате контактот од апликацијата Телефон.

1. Активирајте ги контактите или апликацијата Телефон.
2. Допрете  за да се прикаже вашиот список на Омилени, потоа допрете го вашиот омилен контакт кого сакате да го повикате.
3. Допрете  за да го завршите повикот.

# Примање повици

Екранот на допир на вашиот ASUS телефон се осветлува кога има дојдовен повик. Прикажувањето на дојдовниот повик исто така се разликува, во зависност од статусот на вашиот ASUS телефон.

## Одговарање на повици

Има два начина да одговорите на повик во зависност од статусот на вашиот ASUS телефон:

- Ако вашиот уред е активен, допрете **Answer (Одговори)** или за да одбиете повик, допрете **Decline (Одбиј)**.
- Ако вашиот уред е заклучен, повлечете  до  за да одговорите или до  за да го одбиете повикот.

# Управување со вашите дневници за повици

Од вашите дневници за повици, може да ги повикате вашите пропуштени повици, да ги зачувате повиците во списокот на контакти, да ги блокирате повикувачите или повторно да го бирате вашиот неодамна биран број или контакт.

## Зачувување повици во Контакти

Вие може да додадете повик/број од вашите дневници на повици во вашиот список на контакти.

1. Од апликацијата Телефон, допрете  за да се прикажат вашите дневници на повици.
2. Допрете и задржете повик од вашите дневници на повици, а потоа допрете **Add to contacts (Додади во контакти)**.
3. Допрете **Create new contact(Креирај нов контакт)** за да додадете нова ставка во вашиот список на контакти.

   Допрете контакт, потоа допрете **OK** ако сакате да го замените бројот на контактот со нов.

## Повторно бирање на последно повиканиот број

За повторно да го бирате вашиот последно повикан број:

1. Од апликацијата Телефон, допрете  за да се прикажат вашите дневници на повици.
2. Допрете **Call (Повик)** за да се прикаже вашиот последно повикан број, потоа допрете **Call (Повикај)** повторно за повторно бирање на бројот.
3. Допрете  за да го завршите повикот.

## Други опции на повик

Во тек на активен повик, допрете  и допрете која било од можните опции на повик кога повикот е во тек.

**Микрофон**
Го вклучува или исклучува микрофонот за активниот повик. Кога микрофонот е исклучен или во режим нечујно, може да го слушате лицето што ве повикува но тоа не може да ве чуе вас.

**Звучник**
Го вклучува или исклучува звучникот.

**Повик на чекање**
Го става активниот повик на чекање.

**Конференциски повик**
Кога сте претплатени на услуга на конференциски повик кај вашиот мобилен оператор, оваа икона ви овозможува да додадете контакт или контакти во активниот повик.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Бројот на учесници во конференцискиот повик зависи од вашата претплата за конференциски повик. Може да проверите кај вашиот мобилен оператор за оваа услуга.
- За повеќе детали за конференциски повик, видете Управување со повеќе повици.

**Супер белешка**
Ја активира апликацијата Супер белешка, овозможувајќи ви да запишувате белешки во текот на активен повик.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За повеќе детали, видете Супер белешка.

**Снимање**
Снима активен повик.

**ВАЖНО!** Пред снимање на активен повик, се налага од најмногу од локалните закони да побарате дозвола од другото лице или лица од другата страна на линијата.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За повеќе детали, погледнете го делот Снимање повици.

## Управување со повеќе повици

Вашиот ASUS телефон ви овозможува воспоставување или преземање на два повика. Исто така може да поставите конференциски повик што одговара за деловни состаноци, линии за забава и други групни повици.

## Одговарање на друг повик

Додека разговарате на вашиот ASUS телефон може да слушнете звучен сигнал, кој ве известува за друг дојдовен повик. Допрете **Answer (Одговори)** на екранот на допир за да примите дојдовен повик додека имате активен повик.

## Снимање повици

Вашиот ASUS телефон ви овозможува да снимите разговор за идна употреба или информација.

1. Повикајте контакт или бирајте број.

2. Допрете за да го снимите повикот.

> **ВАЖНО!** Пред да го снимите повикот, бидете сигурни дека сте побарале дозвола од другата страна или страни.




3. За да го запрете снимањето, допрете . Оваа REC икона се појавува на лентата за системски известувања.

4. Одете на **File Manager (Управник на датотеки)** > **Internal storage (Внатрешна меморија)** > **PhoneRecord (Записи на телефон)** за да го видите снимениот разговор.

# Управување со контакти

Организирајте ги вашите контакти и лесно останувајте во врска со нив преку повици, СМС-пораки, е-пошта, или социјални мрежи. Групирајте ги вашите контакти како Омилени за брзо да стапите во контакт со нив, или групирајте ги како VIP контакти за да бидете известувани за какви било претстојни настани, пропуштени повици, или непрочитани пораки.

Исто така може да ги синхронизирате вашите контакти со вашите сметки за е-пошта или за социјални мрежи, да ги поврзете информациите на контактите за лесен пристап на едно место, или да ги филтрирате контактите со кои сакате да останете во контакт.

За да ја активирате апликацијата Контакти, допрете **ASUS** > **Контакти**.

## Поставки за контакти

Изберете како би сакале да се прикажуваат вашите контакти од поставките за Контакти. Таквите опции за прикажување вклучуваат прикажување на само оние контакти со телефони, список за сортирање по име/презиме или имињата на контактите прво да се прикажуваат со име/презиме. Исто така може да изберете кои од овие табулатори да се прикажуваат на вашиот екран Контакти: **Favorites (Омилени), Groups (Групи)**.

За да ги поставите поставките за Контакти, допрете ⋮ **> Settings (Поставки)** from the Contacts app(од апликацијата Контакти)**.**

## Поставување на вашиот профил

Целосно персонализирајте го вашиот ASUS телефон и поставете ги информациите за вашиот профил.

1. Активирајте ја апликацијата Контакти, а потоа допрете **Set up my profile (Постави мој профил)** или **ME (ЈАС)**.

**ЗАБЕЛЕШКА:** ЈАС се појавува кога сте ја поставиле вашата Google сметка на ASUS телефонот.

2. Внесете ги вашите информации како мобилен или домашен број.

## Додавање контакти

Додавајте контакти во вашиот уред, службената сметка, Google, или други сметки за е-пошта и внесете поважни информации за контактот како што се броевите на контактот, адресите за е-пошта, посебните настани за VIP и повеќе.

1. Активирајте ја апликацијата Контакти, а потоа допрете +.
2. Изберете **Device (Уред)**.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Исто така може да го зачувате контактот на вашата SIM картичка или сметка за е-пошта.
- Ако немате сметка за е-пошта, допрете **Add account (Додади сметка)** а потоа креирајте ја.

3. Пополнете ги потребните информации како што е мобилниот или домашниот број, адресата за е-пошта, или групата каде што сакате да го ставите контактот.
4. Кога ќе ги комплетирате информациите, допрете ✓.

## Додавање број на локал на број на контакт

Може да го додадете бројот на локал на контактот за да ги избегнете говорните известувања кога телефонирате.

1. На екранот за информации за контактот, внесете го главниот број на контактот и бројот на локал на еден од следниве два начина:
    - Внесете запирка (,) по главниот број, потоа внесете го бројот на локал на контактот. Има кратка пауза пред бројот на локал да се бира автоматски. За да ја продолжите паузата, допрете **Pause(Пауза)** за да внесете друга запирка..
    - Внесете точка и запирка (;) по главниот број, а потоа внесете го бројот на локал на контактот. Кога бирате број на контакт од вас ќе се побара да го потврдите бројот на локал. Допрете **Yes(ДА)** на пораката за потврдување.
2. Кога сте завршиле со информациите, допрете **Done (Готово)**.

# Поставување на вашите VIP

Групирајте ги вашите контакти како VIP за да бидете известувани за претстојни годишнини, родендени и други важни настани. Исто така ќе добивате известувања за сите непрочитани пораки или е-пораки, или за пропуштените повици од вашите VIP. Ќе ги добивате сите овие известувања како известувања и потсетници Што е следно.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За повеќе детали, видете Што е следно.

## Поставување вашиот VIP од екранот за информации за контактот

За да го поставите вашиот VIP од екранот за информации за контактот:

1. Почнете со апликацијата Контакти, допрете на контактот што сакате да го поставите како ВИП.
2. Допрете  да се прикажат информации за контактот на екранот.
3. На вашиот екран за избраниот контакт, изберете **VIP (ВИП)** под полето **Group name (Име на група)**.
4. Кога ќе завршите, допрете  . Контактот е додаден на вашиот ВИП список.

## Поставување ваши VIP од екранот VIP

За да поставите ваши VIP од екранот VIP:

1. Активирајте ја апликацијата Контакти
2. Допрете  > **VIP**.
3. На ВИП екранот, допрете  > **Edit (Уреди)** потоа допрете  .
4. Изберете го контактот или контактите што сакате да ги групирате како VIP, а потоа допрете **Add(Додади)**. Контактот или контактите се додадени на вашиот список за VIP.

## Означување на вашите омилени контакти

Поставете ги често повикуваните контакти како ваши омилени за да може брзо да ги повикате од апликацијата Телефон.

1. Од почетниот екран, допрете **Asus** > **Contacts (Контакти)**.

2. Изберете го контактот што сакате да го означите како омилен.

3. Допрете . Контактот се додава во вашиот список Омилени во апликацијата Телефон.

---

**N(Б)OTES:(ЕЛЕШКИ:)**

- За да го видите вашиот список Омилени, допрете  од почетниот екран, потоа допрете .
- За повеќе детали, погледнете го делот Calling your favorite contacts.
- Исто така може да поставите омилен контакт како VIP. За повеќе детали, погледнете го делот Setting up your VIPs.

---

## Увезување контакти

Увезете ги вашите контакти и нивните соодветни податоци од еден извор на контактот до вашиот ASUS телефон, сметка за е-пошта или micro SIM картичка.

1. Допрете **ASUS** > **Contacts (Контакти)**.

2. Допрете  **> Import/Export (Увоз/ИзвозExport)** потоа изберете да копирате контакти од следните опции:

   а. СИМ 1 картичка/ СИМ 2 картичка

   б. Телефонски контакти

   в. СД-картичка

   г. Склад на телефон

3. Допри за да копираш контакти на следните сметки:

   а. СИМ 1 картичка/ СИМ 2 картичка

   б. Телефонски контакти

4. Штиклирај за да избереш контакти кои сакаш да ги увезеш и кога ќе завршиш, допри **OK**.

## Социјално вмрежување со вашите контакти

Интегрирањето на сметките на вашите контакти од социјалните мрежи ви олеснува да ги погледнете нивните профили, новости и социјални навестувања. Бидете ажурирани за активностите на вашите контакти во реално време.

**ВАЖНО!** Пред да може да ги интегрирате сметките на вашите контакти на социјалните мрежи, треба да се пријавите на вашата сметка на социјалната мрежа и да ги синхронизирате нејзините поставки.

## Синхронизирање на сметката на вашата социјална мрежа

Синхронизирајте ја сметката на вашата социјална мрежа за да ги додадете сметките на социјалната мрежа на вашите контакти во вашиот ASUS телефон

1. Направете нешто од следново за да ја активирате апликацијата Поставки:
    - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
    - Допрете > **Settings (Поставки)**.
2. Од екранот Поставки, допрете ја сметката на вашата социјална мрежа под делот Сметки.
3. Штиклирајте **Contacts (Контакти)** за да ги синхронизирате сметките на вашите контакти на социјалните мрежи.
4. Активирајте ја апликацијата Контакти за да го видите вашиот список на контакти.
5. За да ги видите само вашите контакти со сметки на социјална мрежа, допрете **Contacts to display (Прикажување на контакти)** потоа отштиклирајте ги другите извори на контакти, оставајќи го името на социјалната мрежа штиклирано.
6. Кога ќе завршите, допрете или каде било на екранот.

# Испраќање пораки и повеќе

## Размена на пораки

Размената на пораки ви овозможува да испраќате, да одговорите веднаш, или да одговорите подоцна на важни пораки од вашите контакти на секоја од вашите инсталирани SIM картички на ASUS телефонот.  Исто така може електронски да ги испратите нишките на вашите пораки или разговори на другите за да ги зачувате информирани во кругот.

### Активирање на апликацијата Размена на пораки

Од почетниот екран, направете нешто од следново за да ја активирате апликацијата Размена на пораки:

- Допрете .
- Допрете > **Messaging (Размена на пораки)**

### Испраќање на пораки

1. Активирајте ја апликацијата Размена на пораки, а потоа допрете .
2. Во полето **Type name or number (Напиши име или број)**, внесете број или допрете за да изберете контакт од вашиот список.
3. Почнете со составување на вашата порака во полето **Type message (Напиши порака)**.
4. Кога ќе завршите, изберете ја SIM сметката од каде што ќе ја испратите вашата порака.

### Одговарање на порака

1. Допрете го известувањето за порака од вашиот Почетен екран или Заклучен екран.
2. Почнете со составување на вашиот одговор во полето **Type message (Напиши порака)**.
3. Кога ќе завршите, изберете ја SIM сметката од каде што ќе го испратите вашиот одговор.

## Препраќање нишки на пораки

Може да препратите нишка на порака или разговор на други и да поставите аларм за да може да одговорите на важна порака во прикладно време.

1. Од **Home screen (Почетен екран)**, допрете .
2. Допрете за да изберете слика на испраќачот, а потоа допрете > **Forward SMS conversation (Препрати СМС разговор)**.
3. Допрете **Select All (Означи се)** или која било од пораките од нишката, а потоа допрете **Forward (Препрати)**.
4. Во полето **To (До)**, допрете + за да изберете адреса на е-пошта на контактот или број на мобилен телефон.
5. Кога ќе завршите, изберете ја SIM сметката од каде што ќе ја испратите вашата порака. Разговорот ќе биде препратен како MMC (услуга за размена на мултимедијални пораки) порака.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Проверете дали имате претплата за MMC кај вашиот мобилен оператор.
- Се наплаќаат стапки за мобилни податоци и размена на пораки кога препраќате разговори на други.

## Други опции за размена на пораки

Кога сте во активна нишка на пораки или додека составувате порака, може да допрете и да направите која било од опциите дадени подолу.

| | |
|---|---|
| **Додади наслов** | Допрете за да додадете наслов на вашата порака. |
| **Внеси контакт** | Внесете информации за контакти во вашата порака. |
| **Внесете брз текст** | Внесете однапред дефиниран одговор во телото на вашата порака. |
| **Отфрли** | Допрете ја оваа опција за да ја отфрлите тековната порака. |

# *Забава и разонода* 5

## Користење слушалки

Бидете слободни да правите други нешта додека имате воспоставено повик или уживајте во слушањето на вашата омилена музика користејќи слушалки.

### Поврзување на аудио приклучок

Вметнете го приклучокот за слушалки од 3,5 мм во портата за аудио на вашиот уред.



**ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ!**

- Не вметнувајте други предмети во портата за аудио приклучок.
- Не вметнувајте кабел со електричен излезен напон во портата за аудио приклучок.
- Вашиот слух може да се оштети од слушање на звук со голема јачина подолг период.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Силно препорачуваме да се користат само компатибилни слушалки или оригинални слушалки со овој уред.
- Исклучувањето на аудио приклучокот додека слушате музика, автоматски ја паузира музиката што се репродуцира.
- Исклучувањето на аудио приклучокот додека гледате видео, автоматски го паузира видеото што се репродуцира.

# Музика

Апликацијата Музика автоматски пребарува за музички датотеки од внатрешните и надворешните складови на вашиот ASUS телефон. Вие може да ги организирате овие музички датотеки во плеј листа или да ги додадете во ред на чекање за последователно репродуцирање. Исто така може да пренесете музика од сметки во облак како што се ASUS WebStorage, Dropbox, OneDrive и Drive.

**ВАЖНО!** Пред пренесувањето музика од сметка во облак, осигурете се дека вашиот ASUS телефон е поврзан на Wi-Fi или на мобилна мрежа. За повеќе детали, видете **Секогаш поврзани**.

## Активирање музика

За да активирате Музика, допрете > **Music (Музика)**.

## Репродуцирање песни

Да репродуцирате песна:

1. Од апликацијата Музика, допрете **Music (Музика),** а потоа изберете **Songs (Песни)**. Исто така може да ги изберете овие други опции за тоа како сакате да ги прегледувате вашите музички датотеки: **Album (Албум), Artist (Пејач), Genres (Жанрови), Composer (Композитор)** или **Folder (Папка)**.

2. Од вашиот список, допрете ја песната што сакате да се репродуцира. Допрете **Play All (Репродуцирај се)** ако сакате да се репродуцираат сите песни.

3. Поминете со прст од лентата со наслов на песната за да добиете цел екран на песната што моментално се репродуцира.




**ЗАБЕЛЕШКА:** За да додадете неколку песни на постоечка плеј листа, видете Додавање песни на плеј листата.

## Други опции за репродуцирање

Во текот на репродуцирањето, може да допрете ⋮ и да направите која било од другиве опции подолу.

| | |
|---|---|
| **Додади на плеј листа** | Допрете за да ја додадете песната на постоечка плеј листа или креирајте нова за да ја додадете песната на истата. |
| **Уреди информации** | Допрете да додадете некои детали за песната. |
| **Уреди текст** | Допрете за да уредите текст. |
| **Сподели** | Допрете да ја споделите песната преку некои апликации или сметки во облак. |
| **Постави како тон на ѕвонење** | Допрете за да ја користите песната како тон на ѕвонење. |
| **Додади на ред на чекање / Исчисти ред на чекање** | Допрете **Add to queue (Додади на ред на чекање)** за да ја додадете песната на вашиот список за ред на чекање. Допрете **Clear queue (Исчисти ред на чекање)** за да ги отстраните сите песни во редот на чекање. |
| **Стабилизатор** | Допрете за да ги конфигурирате поставките на Стабилизаторот и да добиете подобро аудио за вашите песни. |
| **Тајмер за спиење** | Поставете го времето кога музиката ќе престане. |
| **Поставки** | Допрете ја оваа опција за да ги конфигурирате поставките за Музика. |
| **Повратни информации и помош** | Добијте одговори на вашите прашања и може да ни ги испратите вашите повратни информации. |

## Пренесување музика во Облак

Регистрирајте се или пријавете се во сметка во облак и пренесувајте музика од вашата сметка во облак до вашиот ASUS телефон.

**ВАЖНО!** Осигурете се дека Wi-Fi или мобилната мрежа се активирани на вашиот ASUS телефон. За детали, видете Секогаш поврзани.

## Додавање на сметка за складирање во облак

Да додадете сметка за складирање во облак:

1. Од почетниот екран Музика, допрете ☰.
2. Под Музика во Облак, допрете **Add cloud service (Додади услуга во облак)**.
3. Изберете ја услугата за складирање во облак од каде што сакате да ги репродуцирате музичките датотеки.
4. Следете ги последователните упатства за да завршите со пријавувањето на вашата сметка за складирање во облак.

## Пренесување музика од облак

За да пренесете музика од вашата сметка во облак:

1. Од почетниот екран Музика, допрете ☰.
2. Под **Cloud Music (Музика во облак)**, допрете ја сметката во облак од каде сакате да пренесувате музика.
3. Изберете ја песната, потоа допрете ја да се репродуцира.

## Креирање плеј листа

Добивајте ги вашите омилени песни од различни извори како внатрешен склад, надворешен склад или сметки во облак и организирајте ги во плеј листа.

1. Од почетниот екран Музика, допрете ☰.
2. Под **Playlist (Плеј листа)**, допрете **My playlist (Моја плеј листа)**, потоа допрете +.
3. Назначете име за вашата плеј листа, потоа допрете **Save (Зачувај)**.

## Додавање песни на плеј листата

Може да додадете неколку песни на вашата плеј листа одеднаш од вашиот локален извор (внатрешни и надворешни складови) или сметки во облак.

1. Од почетниот екран Музика, допрете ☰.
2. Под **Playlist (Плеј листа)**, допрете **My playlist (Моја плеј листа)**, потоа допрете го името на плеј листата.
3. Допрете ⋮ > **Add songs (Додади песни)**.
4. Допрете го изворот на музика од каде сакате да ги земете вашите песни за да ги додадете во вашата плеј листа.
5. Изберете како сакате да ја прегледувате вашата музика: **Album (Албум), Artist (Пејач), Genres(Жанрови), Composer (Композитор), Songs (Песни)** или **Folder (Папка)**.
6. Изберете ги песните што сакате да ги додадете на вашата плеј листа. Допрете **Select All (Избери се)** ако сакате да ги додадете сите песни од вашиот список на музика, албум, папка или од вашите омилени пејачи.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да додадете песна што тековно се репродуцира на постоечка плеј листа. За детали, видете Други опции за репродуцирање.

# Вашите скапоцени моменти

# 6

## Моменти за фотографирање

### Активирање на апликацијата Камера

Сликајте фотографии и снимајте видеа користејќи ја апликацијата Камера на вашиот ASUS телефон. Погледнете кои било од чекорите подолу за да ја отворите апликацијата Камера.

### Од заклучен екран

Повлечете надолу додека не се активира апликацијата камера.

### Од почетен екран

Допрете .

### Користење на камера за прв пат

Откако ќе ја активирате камерата за прв пат, се појавуваат две последователни карактеристики за да ви помогнат да започнете: Упатство и Локации на слики.

### Упатство

Ако ја користите камерата на вашиот ASUS телефон прв пат, вие ќе се сретнете со следниот екран со упатство по активирањето на апликацијата **Camera (Камера)** . Погледнете ги следните чекори за да продолжите од овој екран.

1. На екранот Упатство, допрете**Skip (Прескокни)** ако сакате да го прескокнете гледањето на истото или **Start (Започни)** за да го погледнете основното упатство за користење Камера.

2. По допирањето на која било од овие опции, вие ќе продолжите на екранот Локации за запаметување фотографии.

### Локации на фотографии

По минувањето низ екранот Упатство, се појавува екранот Локации за запаметување фотографии за да ви помогне да создадете автоматски ознаки за локација на вашите слики. Погледнете ги следните чекори за да продолжите од овој екран:

1. На  екранот Локации за запаметување фотографии, допрете **No thanks(Не благодарам)** за да продолжите до екранот камера или **Yes(Да)** за да поставите означување за локација за вашите направени слики.

2. Лизнете **Location Access (Пристап до локација)** на **ON (ВКЛУЧЕНО)** да ја оспособите карактеристиката за означување локација.

3. Допрете **Agree (Се согласувам)** на следниот екран за целосно да ја активирате карактеристиката и да продолжите кон екранот Камера.

## Почетен екран на камера

Камерата на вашиот ASUS телефон е опремена со автоматско откривање на сцена и карактеристики за автоматско стабилизирање на сликата. Таа исто така има функција за стабилизација на видео што помага во спречувањето на треперење додека се снима видео.

Допрете ги иконите за да почнете да ја користите камерата и да ја истражувате сликата и видео карактеристиките на вашиот ASUS телефон.




Прилагоди поставки

Вклучи или исклучи функција на блиц

Префрли помеѓу предна и задна камера

Користи напредни поставки на камера

Види Галерија

Направи фотографии

Сними видеа

## Параметри на слики

Прилагодете го изгледот на вашите направени фотографии така што ќе ги конфигурирате поставките на вашата камера користејќи ги чекорите подолу.

**ВАЖНО!** Поставете ги параметрите пред да сликате.

1. На почетниот екран камера, допрете ⚙ > 📷.

2. Лизнете надолу и конфигурирајте ги достапните опции.

### Слика

Конфигурирајте го квалитетот на сликата користејќи ги следните опции.




### Режим на сликање

Поставете ја брзината на вашата бленда на режим **Timer (Тајмер)** или сменете ја брзината во **Burst (Серија)** под оваа опција.




### Фокус и експозиција

Активирајте **Touch auto-exposure (Автоматска експозиција на допир)** или **Face detection (Откривање на лице)** под оваа опција.



## Параметри на видео

Прилагодете го изгледот на вашите снимени видеа така што ќе ги конфигурирате поставките на вашата камера користејќи ги чекорите подолу.

**ВАЖНО!** Поставете ги параметрите пред да сликате.

1. На почетниот екран камера, допрете > .

2. Лизнете надолу и конфигурирајте ги достапните опции.

### Слика

Конфигурирајте го квалитетот на видеото користејќи ги следните опции.




### Фокус и експозиција

Активирајте **Touch auto-exposure (Автоматска експозиција на допир)** под оваа опција.



## Напредни карактеристики на камера

Истражувајте нови начини на сликање фотографии или видеа и сликајте ги и снимајте ги вашите исклучително посебни моменти користејќи ги напредните карактеристики на камерата на вашиот ASUS телефон.

**ВАЖНО!** Поставете ги параметрите пред да сликате. Достапните карактеристики може да се разликуваат во зависност од моделот.

### Премотување време

По избирањето **Time Rewind (Премотување време)**, вашата бленда почнува да прави фото серија две секунди пред всушност да го притиснете копчето на блендата. Како резултат, добивате времеплов со фотографии од каде што може да ја изберете најдобрата фотографија што сакате да ја зачувате во Галерија.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Карактеристиката Премотување време може да се користи само на задната камера.

#### Сликање фотографии со премотување на време

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Time Rewind (Премотување време)**.
2. Допрете за да започнете да сликате фотографии.
3. Прилагодете го времето (во секунди) во кое сакате вашата фотографија да се репродуцира во режим station наназад или во режим на премотување.
4. Допрете кога ќе завршите.

#### Користење на прикажувачот за Премотување време

1. Откако ќе ја притиснете блендата, прикажувачот за премотување време се појавува на екранот на врвот од направената фотографија. Ротирајте го копчето на прикажувачот да ги прегледувате фотографиите кои штотуку сте ги сликале.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Допрете **Најдобра** за да го видите предлогот за најдобра фотографија од времепловот.

2. Изберете фотографија, а потоа допрете **Done (Готово)** за да ја зачувате во Галерија.

### HDR

Карактеристиката Висок динамичен опсег (HDR) ви овозможува да сликате подетални фотографии при ниска осветленост и сцени на висок контраст. HDR се препорачува за користење кога сликате фотографии на силно осветлени локации, што му помага на балансот на бои што се пренесуваат на вашата слика.

#### Сликање HDR фотографии

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **HDR**.
2. Допрете за да започнете да сликате HDR фотографии.

## Панорама

Сликајте фотографии од различни агли користејќи Панорама. Фотографиите сликани од перспектива на широк агол автоматски се прикачуваат заедно користејќи ја оваа карактеристика.

### Сликање панорамски фотографии

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Panorama (Панорама)**.
2. Допрете потоа поместете го вашиот ASUS телефон кон лево или десно за да ја сликате панорамата.

**ЗАБЕЛЕШКА**: Додека го поместувате вашиот ASUS телефон, времеплов на сликички се појавува на долниот дел од вашиот екран како што ја слика панорамата.

3. Допрете кога ќе завршите.

## Селфи

Искористете ја предноста од високиот квалитет во мегапиксели на вашата задна камера без да се грижите за притиснување на копчето на блендата. Со користење на откривање на лице, вие може да го поставите вашиот ASUS телефон да открие до четири лица користејќи ја задната камера, а потоа автоматски да го слика вашето селфи или групното селфи.

### Сликање селфи фотографии

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Selfie (Селфи)**.
2. Допрете за да изберете колку луѓе да бидат вклучени во фотографијата.
3. Користете ја задната камера за откривање лица и почекајте вашиот ASUS телефон да започне да дава звучни сигнали, одбројувајќи пред да ја слика фотографијата.
4. Допрете за да ја зачувате фотографијата.

## Длабочина на поле

Направете макро фотографии со мека позадина користејќи Длабочина на поле. Оваа карактеристика запечатува фотографии на предмети со поодреден и драматичен резултат.

### Сликање фотографии со длабочина на полињата

1. Од екранот со апликации Камера, допрете > **Depth of field (Длабочина на поле)**.
2. Допрете да започнете да сликате макро фотографии.

## Минијатура

Го симулира ефектот на промена на наклон на DSLR леќите преку карактеристиката Минијатура. Користењето на оваа карактеристика ви овозможува да се фокусирате на конкретни области на вашата тема, додавајќи бокех ефект што може да се искористи на фотографиите и на видеото користејќи го вашиот ASUS телефон.

### Сликање минијатурни фотографии

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Miniature (Минијатура)**.
2. Допрете или за да ја изберете областа на фокусот, потоа употребете ги вашите два прста за да ја прилагодите големината и позицијата на областа на фокусот.
3. Допрете или за да го зголемите или намалите позадинското замаглување.
   Допрете или за да ја зголемите или намалите заситеноста.
4. Допрете за да сликате минијатурни фотографии.

## Паметно отстранување

Елиминирајте ги несаканите детали веднаш по сликањето на фотографијата користејќи ја карактеристиката Паметно отстранување.

### Сликање фотографии со Паметно отстранување

1. Од екранот на апликацијата Камера, допрете > **Smart remove (Паметно отстранување)**.
2. Допрете сликање фотографии што може да се уредат користејќи Паметно отстранување.
3. На сликаната фотографија, допрете ја контурата околу забележаниот предмет што се движи за да го избришете.
4. Допрете за да ја зачувате фотографијата.

## Сите насмевки

Сликајте совршена насмевка или најоткачен израз на лицето од опсег на фотографии користејќи ја карактеристиката Сите насмевки. Оваа карактеристика ви овозможува да направите пет последователни фотографии по притискањето на копчето на блендата, автоматски откривајќи лица на сликата за споредба.

### Сликање на фотографии Сите насмевки

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **All smiles (Сите насмевки)**.
2. Допрете за да започнете да сликате фотографии што може да се уредат користејќи ги Сите насмевки.
3. Допрете го лицето на субјектот, а потоа изберете го најдобриот израз на лицето на субјектот.
4. Поминете со прст надолу од врвот, а потоа допрете за да ја зачувате фотографијата.

## Разубавување

Забавувајте се во текот на и по сликањето фотографии на вашето семејство и пријатели користејќи ја карактеристиката Разубавување на вашиот ASUS телефон. Кога е активирана, оваа карактеристика ви овозможува да правите живописни интензивирања на убавината на лицето на вашиот субјект пред да го притиснете копчето на блендата.

### Сликање фотографии со Разубавување

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Beautification (Разубавување)**.
2. Допрете за да започнете да сликате фотографии.
3. Допрете ја сликичката за да ја прегледате фотографијата и да се прикажат поставките за Разубавување.
4. Допрете и изберете ја вашата претпочитана карактеристика за Разубавување, потоа допрете за да ја зачувате фотографијата.

## GIF-анимација

Создавајте GIF-слики (Graphic Interchange Format) директно од камерата на вашиот ASUS телефон  користејќи ја карактеристиката GIF Animation (GIF-анимации).

### Сликање фотографии со GIF-анимации

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **GIF Animation (GIF-анимација)**.
2. Долго притиснете за да почне сликањето фотосерија за GIF-анимација.
3. Направете ги вашите претпочитани прилагодувања во поставките за GIF-анимација.
4. Допрете кога ќе завршите.

## Забрзано снимање

Карактеристиката за Забрзано снимање на видео на вашиот ASUS телефон ви овозможува да снимате неподвижни слики за автоматско репродуцирање при забрзано снимање. Како резултат на тоа, се чини дека настаните се движат во едно брзо премотување нанапред иако тие всушност се појавиле и биле снимени помеѓу долги интервали.

### Снимање на видеа со Забрзано снимање

1. Од почетниот екран на апликацијата Камера, допрете > **Time lapse (Забрзано снимање)**.
2. Допрете потоа изберете го интервалот за забрзано снимање.
3. Допрете за да почнете да снимате видеа со забрзано снимање.

# Користење на Галерија

Гледајте слики и видеа на вашиот ASUS телефон користејќи ја апликацијата Галерија.

Оваа апликација исто така ви овозможува да уредувате, споделувате, или бришете датотеки со слики и видеа складирани во вашиот ASUS телефон. Од Галерија, може да прикажувате слики во приказ на слајдови или допрете за да ја видите избраната датотека со слика или видео.

За да активирате Галерија, допрете **ASUS** > **Gallery (Галерија)**.

## Гледање датотеки од вашата социјална мрежа или склад во облак

Стандардно, галеријата ги прикажува сите медиумски датотеки на вашиот ASUS телефон според папките од нивниот албум.

За да ги видите медиумските датотеки од други локации достапни преку вашиот ASUS телефон:

1. Од главниот екран, допрете ☰.
2. Допрете некоја од следниве изворни локации за да ги погледнете нивните соодветни медиумски датотеки.




**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Може да преземете фотографии на вашиот ASUS телефон од вашата сметка во облак и да ги користите како тапет или како насловна фотографија на контактот.
- За детали за користењето фотографии или слики како ваш тапет, видете Тапети.

**ВАЖНО!** Потребна е интернет врска за гледање фотографии и видеа под **Asus HomeCloud, Social Gallery - Omlet,** и **My cloud**.

## Прегледување на локација на фотографија

Активирајте го пристапот до локација на вашиот ASUS телефон и добијте ги деталите за локација на вашите фотографии. Деталите за локацијата на вашите фотографии ја вклучуваат областа каде се направени фотографиите, како и мапа на локацијата преку Google Map или Baidu (само во Кина).

За да видите детали за фотографија:

1. Вклучете го пристапот до локацијата од ▪▪▪ > **Settings (Поставки)** > **Location (Локација).**

2. Проверете дали сте ја споделиле вашата локација со Google Map или Baidu.

3. Активирајте ја апликацијата Галерија и изберете ја фотографијата чии детали за фотографија сакате да ги видите.

4. Допрете ја фотографијата, а потоа допрете ☰.




Допрете за да се прикажата деталите за локацијата на фотографијата

## Споделување датотеки од Галерија

1. Од екранот Галерија допрете ја папката каде што се наоѓаат датотеките што сакате да ги споделите.

2. По отворањето на папката, допрете за да го активирате изборот на датотека.

3. Допрете на датотеките што сакате да ги споделите Се појавува знак за штиклирано на врвот на сликата што сте ја избрале.

4. Допрете потоа изберете од списокот каде сакате да ги споделите сликите.

## Бришење датотеки од Галерија

1. Од екранот Галерија допрете ја папката каде што се наоѓаат датотеките што сакате да ги избришете.

2. По отворањето на папката, допрете за да го активирате изборот на датотека.

3. Допрете на датотеките што сакате да ги избришете. Се појавува знак за штиклирано на врвот на сликата што сте ја избрале.

4. Допрете > **Delete (Избриши)**.

## Уредување слики

Галеријата исто така има свои алатки за уредување на слики кои може да ги користите за да ги подобрите сликите зачувани на вашиот ASUS телефон.

1. Од екранот Галерија допрете ја папката каде што се наоѓаат датотеките.

2. По отворањето на папката, допрете на сликата што сакате да ја уредите.

3. Откако сликата ќе се отвори, допрете ја повторно за да се прикажат нејзините функции.

4. Допрете за да го отворите алатникот за уредување на слики.

5. Допрете на која било од иконите на алатникот за уредување за да внесете промени на сликата.

## Поставување фотографии на ѕидот за настани на вашиот Календар

Активирањето на оваа карактеристика во вашата Галерија ви овозможува да гледате фотографии директно од настаните во вашиот Календар. На овој начин, може веднаш да ги групирате направените фотографии според конкретното име на настанот.

1. Откако сте сликале фотографии од вашиот ASUS телефон, активирајте **Gallery (Галерија)**.
2. Допрете > **Events wall (Ѕид на настани)**.
3. Допрете на горниот десен агол на папката во која се наоѓаат фотографиите направени во текот на настанот.
4. Изберете го настанот во Календар што сакате да го интегрирате со папката со фотографии.
5. Се појавува оваа икона на горниот десен агол на папката со фотографии што укажува дека фотографиите се успешно поставени на ѕидот на настанот.
6. Да ги видите фотографиите од настанот, отворете го настанот од апликацијата Календар, а потоа допрете .

**ВАЖНО!**

- Оваа карактеристика се активира само по поставувањето настани во Календар. За повеќе детали за тоа како да поставите настани, видете Календар.
- Само фотографиите направени со камерата на вашиот ASUS телефон на истиот датум и време како настанот во Календарот може да ја користат оваа карактеристика.



## Користење Мини филм

Претворете ги фотографиите во креативен приказ на слајдови користејќи ја карактеристиката Мини филм на Галеријата. Мини филм содржи тема на презентации со приказ на слајдови кои веднаш може да ги примените на избрани фотографии.

За да креирате Мини филм од папка со фотографии:

1. Активирајте Галерија, а потоа допрете ☰ за да ја изберете локацијата на вашата папка со фотографии.

2. Изберете ја папката со фотографии, а потоа допрете ⋮ > **Auto MiniMovie (Автоматски Мини филм).**

3. Изберете тема на Мини филмот што сакате да ја користите за вашиот фотографски приказ на слајдови.




Допрете која било од овие теми за да ја прегледате истата.

4. Откако ќе изберете тема, допрете 🖹 за да го зачувате приказот на слајдови. Може да пристапите до вашите зачувани прикази на слајдови од **ASUS** > **File Manager (Управник на датотеки)** > **Movies (Филмови)** > **MiniMovi (Мини филм)**.

5. Потоа може да го споделите приказот на слајдови со страници на социјални мрежи или апликации за инстант пораки како Facebook, Google Plus или Omlet Chat.



# *Секогаш поврзани* 7

## Мобилна мрежа

Кога нема достапна Wi-Fi мрежа на која може да се поврзете, може да активирате пристап до податоци на вашата мобилна мрежа за интернет врска.

### Активирање на мобилна мрежа

1. Направете нешто од следново за да го активирате екранот Поставки:

    - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
    - Допрете > **Settings (Поставки)**.

2. Допрете **More...(Повеќе...)** > **Cellular networks (Мобилни мрежи)**.

3. Конфигурирајте поставки на мобилната мрежа доколку е потребно.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Ако пристапувате до интернет преку вашата мобилна мрежа, ќе се јават дополнителни трошоци во зависност од месечната претплата за пренос на податоци.
- За повеќе детали за цените/наплатата и параметрите на вашата мобилна мрежа, стапете во контакт со вашиот мобилен оператор.

## Wi-Fi

Wi-Fi технологијата на вашиот ASUS телефон ве поврзува со безжичниот свет. Ажурирајте ги сметките на социјалните медиуми, прегледувајте на интернет или безжично разменувајте податоци и пораки од вашиот ASUS телефон.

### Активирање Wi-Fi

1. Активирајте го екранот Поставки со правење на едно од следниве:

    - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
    - Допрете > **Settings (Поставки)**.

2. Лизнете го копчето за Wi-Fi надесно за да вклучите Wi-Fi.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да активирате Wi-Fi од екранот Брзи поставки. Погледнете го делот Брзи поставки за тоа како да го активирате екранот Брзи поставки.

## Поврзување на Wi-Fi мрежа

1. На екранот Поставки, допрете **Wi-Fi** за да се прикажат сите откриени Wi-Fi мрежи.

2. Допрете го името на мрежата за да се поврзете. За заклучена мрежа, може да ви се побара да внесете лозинка или други безбедносни акредитиви.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Вашиот ASUS телефон автоматски се преповрзува на мрежата со која сте биле претходно поврзани.
- Исклучете ја карактеристиката Wi-Fi кога не ја користите за да заштедите батерија.

## Исклучување Wi-Fi

За да исклучите Wi-Fi:

1. Активирајте го екранот Поставки со правење на едно од следниве:
   - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
   - Допрете > **Settings (Поставки)**.
2. Лизнете го копчето за Wi-Fi налево за да исклучите Wi-Fi.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да исклучите Wi-Fi од екранот Брзи поставки. Погледнете Брзи поставки за тоа како да го активирате екранот Брзи поставки.

# Bluetooth®

Користете ја карактеристиката Bluetooth на вашиот ASUS телефон за да испраќате или примате датотеки и пренесувате мултимедијални датотеки со други паметни уреди на кратки растојанија. Со Bluetooth, може да ги споделите вашите медиумски датотеки со паметните уреди на вашите пријатели, да испраќате податоци за печатење преку Bluetooth печатач, или да репродуцирате музички датотеки преку Bluetooth звучник.

## Активирање Bluetooth®

1. Направете нешто од следново за да го активирате екранот Поставки:
   - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
   - Допрете > **Settings (Поставки)**.
2. Лизнете го копчето за Bluetooth надесно за да вклучите Bluetooth.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Исто така може да активирате Bluetooth од екранот Брзи поставки. Погледнете Брзи поставки за тоа како да го активирате екранот Брзи поставки.

## Спарување на вашиот ASUS телефон со Bluetooth® уред

Пред целосно да ја користите карактеристиката Bluetooth на вашиот ASUS телефон, прво треба да го спарите со Bluetooth уред. ASUS телефонот автоматски ја складира врската за спарување на Bluetooth уредот.

1. На екранот Поставки, допрете **Bluetooth** за да се прикажат сите достапни уреди.

> **ВАЖНО!**
>
> - Ако уредот што сакате да го спарите не е на списокот, проверете дали сте ја активирале неговата Bluetooth карактеристика и дали може да се открие.
> - Погледнете го упатството за корисник што доаѓа со вашиот уред за да дознаете како да го активирате Bluetooth и истиот да го поставите така да може да се открие.

2. Допрете ⋮ > **Refresh (Освежи)** да скенира за повеќе Bluetooth уреди.

3. Во списокот на достапни уреди, допрете го Bluetooth уредот со кој сакате да го спарите.

4. Проверете дали истата шифра се покажува на двата уреда, а потоа допрете **Pair(Спари)**.

> **ЗАБЕЛЕШКА:** Исклучете ја карактеристиката Bluetooth кога не ја користите за да заштедите батерија.

## Распарување на вашиот ASUS телефон од Bluetooth® уредот

1. На екранот Поставки, допрете Bluetooth за да се прикажат сите достапни и спарени уреди.

2. Во списокот на спарени уреди, допрете ⚙ на Bluetooth уредот што сакате да го распарите, а потоа допрете **FORGET (ЗАБОРАВИ)**.

# Тетеринг

Кога Wi-Fi услугата не е достапна, може да го користите вашиот ASUS телефон како модем или да го претворите во Wi-Fi хот-спот за да имате интернет пристап на вашиот лаптоп, таблет и другите мобилни уреди.

**ВАЖНО!** Најголем број мобилни оператори може да бараат месечна претплата за пренос на податоци за да може да ја користите функцијата тетеринг. Контактирајте со мобилниот оператор за користење на претплатата за пренос на податоци.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Интернет пристапот преку тетеринг може да биде побавен отколку стандардната Wi-Fi или мобилната врска.
- Само ограничен број на мобилни уреди може да воспостават тетеринг со вашиот ASUS телефон за пристап на интернет.
- Исклучете ја карактеристиката тетеринг кога не ја користите за да заштедите батерија.

## Wi-Fi хот-спот

Претворете го вашиот ASUS телефон во Wi-Fi хот-спот за да споделувате интернет врска со други уреди.

1. Направете нешто од следново за да го активирате екранот Поставки:
    - Активирајте Брзи поставки, а потоа допрете .
    - Допрете > **Settings(Поставки)**.
2. Допрете **More (Повеќе)** > **Tethering (Тетеринг)** > **Portable Wi-Fi hotspot (Пренослив Wi-Fi хот-спот)** да овозможите хот-спот, а потоа допрете **Set up Wi-Fi hotspot (Постави Wi-Fi хот-спот)**.
3. Внесете име на мрежа, изберете тип на безбедност и внесете лозинка.



## Bluetooth Тетеринг

Активирајте Bluetooth на вашиот ASUS телефон и користете го како модем за интернет пристап на вашите мобилни уреди со активиран Bluetooth како лаптоп или таблет.

1. Активирајте Bluetooth на вашиот ASUS телефон и на другиот уред.

2. Спарете ги двата уреда.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За детали, видете Спарување на вашиот ASUS телефон со Bluetooth уред.

3. Од екранот Поставки, допрете **More...(Повеќе...)** > **Tethering (Тетеринг)**, а потоа лизнете **Bluetooth tethering (Bluetooth тетеринг)** на **ON (ВКЛУЧЕНО)**. Сега може да сурфате на интернет или да извршувате активности поврзани со интернет на вашиот ASUS телефон.



# Патување и мапи

# 8

## Временска прогноза

Добивајте ажурирања за временска прогноза во реално време непосредно од вашиот ASUS телефон користејќи ја апликацијата за временска прогноза. Користејќи Временска прогноза, вие може исто така да проверувате други детали за времето насекаде низ светот.

### Активирање на апликацијата Временска прогноза

Од вашиот Почетен екран, активирајте ја апликацијата Временска прогноза користејќи некоја од следниве опции.

- Допрете ▪▪▪ > **Weather (Временска прогноза).**
- Од почетниот екран на ASUS телефонот, допрете ја иконата за временска прогноза.



# Почетен екран Временска прогноза

Поставете ги и добивајте ги ажурирањата на временската прогноза за вашата тековна локација како и за другите делови на светот. Може да ги прикажувате ажурирањата на временската прогноза или дневната временска прогноза на апликацијата Календар.

**ЗАБЕЛЕШКА:** За повеќе детали, видете Добивање на ажурирања на временска прогноза




Допрете за да пребарувате информации за временска прогноза за градот

Допрете за да ги добиете тековните информации за временската прогноза за областа, да ги освежите информациите за временската прогноза, да го уредите списокот на локации или да ги конфигурирате поставките за временска прогноза

Поминете со прст нагоре да ги видите другите информации за временската прогноза.
Поминете со прст налево или надесно да ги видите информациите за временската прогноза за други градови во вашиот список на локации.

# Часовник

Прилагодете ги параметрите на временската зона на вашиот ASUS телефон, поставете аларми и користете го вашиот ASUS телефон како стоперка користејќи ја апликацијата Часовник.

## Активирање Часовник

Активирајте ја апликацијата Часовник користејќи некоја од следниве опции.

- Допрете ■■■ > **Clock (Часовник)**.
- Од почетниот екран на ASUS телефонот, допрете го приказот на дигитален часовник.




## Светски часовник

Допрете за да пристапите до поставките за светски часовник на вашиот ASUS телефон.




Допрете го ова за да се прикаже временската прогноза за градот

Допрете тука за да го поставите вашиот часовник во ноќен режим.

Допрете тука за да ги уредите градовите означени на вашиот светски часовник.

Допрете тука за да пристапите до поставките на апликацијата Часовник.

Допрете тука за да додадете нов град за означување на мапата на вашиот светски часовник.

## Будилник

Допрете за да пристапите до поставките за будилник на вашиот ASUS телефон.




Допрете тука за да избришете некои од претходно поставените аларми.

Допрете тука за да пристапите до поставките на карактеристиката будилник.

Допрете тука за да поставите време за нов аларм.

## Стоперка

Допрете за да го користите вашиот ASUS телефон како стоперка.




Допрете го ова копче за да започне да работи карактеристиката стоперка.

# Тајмер

Може да поставите повеќе опции на тајмер за вашиот ASUS телефон. За да го направите ова, следете ги чекорите подолу:

## Поставување на тајмер

1. Допрете  за да пристапите до карактеристиката тајмер на вашиот ASUS телефон.




2. Користете ја нумеричката тастатура за да го внесете вашето целно време, а потоа допрете започни за да го активирате тајмерот.

# Зен Врска

# 9

## Запознавање со Зен Врска

Останете поврзани со ексклузивната Зен Врска за ASUS за максимална продуктивност. Со апликациите на Зен Врска може да се поврзете со други уреди за да споделувате и примате датотеки.

Вашата Зен Врска се состои од следниве апликации: Сподели Врска и Далечинска Врска.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Некои од апликациите на Зен Врска може да не се достапни на вашиот ASUS телефон.

### Сподели Врска

Споделувајте и добивајте датотеки, апликации или медиумски содржини со мобилните уреди Android користејќи ја апликацијата Сподели Линк (за ASUS мобилни уреди) или апликацијата СПОДЕЛИго (за другите мобилни уреди) преку Wi-Fi хот-спот. Со оваа апликација, вие може да испраќате или примате датотеки што се поголеми од 100 МБ и ви дозволува да споделувате или примате повеќе датотеки во исто време. Апликацијата Сподели Врска испраќа и прима датотеки побрзо отколку со користење на Bluetooth.

### Споделување датотеки

1. Од вашиот Почетен екран, допрете **ZenLink (Зен Врска)** > **Share Link (Сподели Врска)**.

2. Допрете **Send file (Испрати датотека)** потоа одберете од опциите што се појавуваат на екранот.



3. Допрете ги датотеките што сакате да ги испратите, а потоа допрете **Done (Готово)**.

4. Откако вашиот ASUS телефон ги открил другите уреди, допрете го уредот со кој сакате да ги споделите вашите датотеки.




## Примање датотеки

За да примате датотеки:

1. Од вашиот Почетен екран, допрете потоа допрете **Share Link (Сподели Врска)**.

2. Допрете **Receive file (Прими датотека)** за да ги примите датотеките од испраќачот.

## Далечинска Врска

Претворете го вашиот ASUS телефон во уред за безжичен внес и алатка за презентација. Со користењето на оваа апликација, може да го користите вашиот ASUS телефон како подлога за допир, панел на екранот на допир, ласерски покажувач за презентации и контролер на Windows® Media Player додека е поврзан со вашиот компјутер преку Bluetooth.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Пред да користите Далечинска Врска проверете дали сте инсталирале Далечинска Врска на вашиот компјутер. Одете на http://remotelink.asus.com да преземете Далечинска Врска и да ја инсталирате на вашиот компјутер.
- Проверете дали прво сте го спариле вашиот компјутер и ASUS телефонот пред да користите Далечинска Врска.

## Користење на Далечинска Врска

За да користите Далечинска Врска:

1. Од вашиот Почетен екран, допрете **ZenLink (Зен Врска)** > **Remote Link (Далечинска Врска)**.

2. Допрете **Search device (Пребарај уред)** а потоа изберете го уредот со кој сакате да се поврзете.

## Подлога за допир на Далечинска Врска

Допрете за да активирате ASUS Smart gesture и да се движите низ вашиот компјутер.




## Контролер за презентација на Далечинска Врска

Допрете за да ги контролирате слајдовите за презентација на вашиот компјутер.



## Контролер на Windows® Media Player за Далечинска Врска

Допрете ▶ да го контролирате Windows® Media player.




Допрете го ова копче за да се вратите назад на претходната песна/музичка датотека.

Допрете го ова копче за да одите на следната песна/музичка датотека.

Движете го овој лизгач за да го минимизирате/максимизирате звукот.

Движете го ова копче за барање да изберете дел од песна/музичка датотека што сакате да го слушнете или репродуцирате.

## Внесување преку тастатура во Далечинска Врска

Допрете ⌨ за да користите внесувања со тастатура. Исто така може да ја користите иконата микрофон за внесување на глас.




Допрете го ова копче за да ја внесете вашата порака преку внесување со глас.

Допрете го ова копче за да ја испратите пораката до вашиот компјутер.

Напишете ја вашата порака во ова поле.

# Зен насекаде

# 10

## Посебни Зен алатки

### Батериска ламба

Може да го претворите вашиот ASUS телефон во инстант батериска ламба со активирање на вашиот панел за Брзи поставки од секаков екран и секоја отворена апликација. Од панелот Брзи поставки, едноставно допрете на иконата Батериска ламба за да ја активирате нејзината функција.




Допрете тука за да ја активирате батериската ламба.

## Опции на мени Батериска ламба





Допрете тука за да го активирате или деактивирате режимот батериска ламба.



Допрете тука за да го активирате или деактивирате режимот SOS.


Допрете која било од овие икони за да префрлате помеѓу брзините на батериската ламба додека трепка.



Дпрете го ова за да пристапите до поставките за Блиц.


Допрете тука за да го вклучите или исклучите светлото.



Допрете го ова да активирате ЛЕД блиц.



Допрете го ова за да го активирате блицот на екранот.

## Калкулатор

Едно поминување со прст и допир е се што е потребно за да го активирате Калкулаторот. Кога ќе го отворите панелот Брзи поставки, иконата Калкулатор е тука, видлива на врвот на списокот. Допрете ја за да започнете со вашите пресметки.




## Екран Калкулатор



## Брз потсетник

Брзиот потсетник е алатка за запишување белешки што ви овозможува слобода или да ги чкртате или да ги напишете важните белешки што треба да ги запаметите. По креирањето на белешки, може да ги споделите преку Сподели Врска и страниците на социјални медиуми или да ги претворите во задача во Направи подоцна.




## Создавање налепница

Може да ги претворите белешките од Брзиот потсетник во налепница за да може да ги гледате насекаде, на вашиот ASUS телефон. За да создадете налепница, само допрете на иконата прикачи на горниот десен агол на брзиот потсетник откако сте ја креирале вашата белешка.



# Снимач на звук

Ги снима аудио датотеките користејќи го вашиот ASUS телефон со активирање на апликацијата Снимач на звук.

## Активирање Снимач на звук

За да активирате Снимач на звук, допрете ▪▪▪ > **Sound Recorder (Снимач на звук)**.




Допрете за да ги прилагодите поставките на Снимачот на звук

Допрете за да го видите списокот на зачувани снимени аудио датотеки

Допрете да започне аудио снимање

## Паузирање снимање

Додека снимањето е паузирано, може да изберете да ја продолжите, избришете или зачувате снимката.




Допрете за да ја избришете снимката

Допрете за снимањето да продолжи

Допрете за да ја зачувате снимката

## Список на снимање

Од списокот на снимање може да репродуцирате, преименувате, споделувате или избришете зачувана датотека на аудио снимка.

Да го видите вашиот список на снимање, допрете од главниот екран на Снимач на звук.



# Има и повеќе за вашиот Зен

## Капак за ASUS

Заменете го задниот капак на вашиот ASUS телефон со овој ексклузивен додаток на ASUS и проверувајте важни информации без да го отворате капакот.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Овој додаток може да се испорачува со вашиот ASUS телефон или да се купи издвоено.

## Поставување на капакот ASUS

За да го поставите капакот ASUS:

1. Исклучете го вашиот ASUS телефон.
2. Внимателно ослободете го капакот од жлебот во долниот десен агол, а потоа извадете го задниот капак.

**ВНИМАНИЕ!** Бидете внимателни кога го повлекувате капакот при отворање.



3. Заменете го задниот капак со вашиот капак ASUS.

# *Одржувај го твојот Zen* 11

## Постојано ажурирање на вашиот уред

Одржувајте го вашиот ASUS телефон со серијата ажурирања на системот Android и надградување на апликации и карактеристики.

### Ажурирање на вашиот систем

1. Допрете потоа допрете **Settings (Поставки)**.
2. На екранот Поставки, лизнете надолу за да се прикажат други ставки, а потоа допрете **About (За)**.
3. Допрете **System update (Ажурирање на систем)** потоа допрете **Check Update (Провери ажурирање)**.

**ЗАБЕЛЕШКА:** Може да прегледате кога за последен пат системот на вашиот ASUS телефон бил ажуриран во проверка на последно ажурирање: на прозорецот за ажурирање на системот.

### Складирање

Вие може да складирате податоци, апликации или датотеки на вашиот ASUS телефон (внатрешен склад), на надворешен склад, или на он-лајн склад. Потребна ви е интернет врска за пренесување или преземање на вашите датотеки во он-лајн складот. Користете го оригиналниот УСБ-кабел за да копирате датотеки до или од компјутерот на вашиот ASUS телефон.

### Резервна копија и ресетирање

Направете резервна копија на вашите податоци, Wi-Fi лозинки и други поставки на серверите на Google користејќи го вашиот ASUS телефон.

1. Допрете потоа допрете **Settings > Backup and reset (Поставки > Резервна копија и ресетирање)**.
2. Од прозорецот Резервна копија и ресетирање, може да го направите следново:
    - **Направи резервна копија на моите податоци:** Оваа карактеристика кога е активирана прави резервна копија на вашите податоци, Wi-Fi лозинки и други поставки на серверите на Google.
    - **Сметка за резервна копија:** Ви овозможува да ја посочите сметката која треба да е поврзана кога ја зачувувате вашата резервна копија.
    - **Автоматско обновување:** Оваа карактеристика го олеснува обновувањето на поставките и податоците што се зачувани како резервна копија кога повторно инсталирате апликации.
    - **ДРМ повторно поставување:** Ги брише сите ДРМ лиценци.
    - **Ресетирање на фабрички податоци:** Ги брише сите податоци на телефонот.

# Заштита на твојот ASUS телефон

Користете ги безбедносните карактеристики на вашиот ASUS телефон за да спречите неовластени повици или пристап до информации.

## Отклучување на вашиот екран

Кога екранот е заклучен, може да го отворите со безбедносни опции за отклучување што ASUS телефонот ви ги нуди.

1. Допрете ▪▪▪ потоа допрете **Settings (Поставки)** > **Lock screen (Заклучен екран)**.

2. Допрете **Screen lock (Заклучен екран)**, а потоа изберете опција за отклучување на вашиот ASUS телефон.

**ЗАБЕЛЕШКИ:**

- Погледнете го делот **Unlock screen options (Опции за отклучување на екран)** за повеќе информации.
- За да ја деактивирате опцијата за отклучување екран што сте ја поставиле, допрете **None (Ниедна)** на екранот Избери заклучување на екран.

## Опции за отклучување екран

Изберете од овие опции за да го заклучите вашиот ASUS телефон.

### Помини со прст

Поминете со прст нагоре за да го отклучите вашиот ASUS телефон.



### ПИН

Запишете најмалку четири бројки за да поставите ПИН.




**ВАЖНО!** Бидете сигурни дека сте го запаметиле ПИН-от што сте го создале за отклучување на вашиот уред.

### Шема

Лизнете го вашиот прст по точките и создадете шема.




**ВАЖНО!** Може да создадете шема со минимум четири точки. Бидете сигурни дека сте ја запаметиле шемата што сте ја создале за отклучување на вашиот уред.

### Лозинка

Запишете најмалку четири знаци за да создадете лозинка.




**ВАЖНО!** Бидете сигурни дека сте ја запаметиле лозинката што сте ја создале за отклучување на вашиот уред.

## Конфигурирање на другите карактеристики за безбедност на екранот

Покрај режимот на заклучен екран, вие исто така може да го направите следново на прозорецот за Безбедност на екранот:

- **Брз пристап:** Лизнете го копчето Брз пристап на **ON (ВКЛУЧЕНО)** за да активирате апликации на заклучен екран.

## Поставување на идентитетот на ASUS телефонот

Потребно е да го знаете идентитетот на вашиот ASUS телефон како на пример сериски број, IMEI (меѓународен идентитет на мобилна опрема) или број на модел.

Ова е важно бидејќи ако го загубите вашиот ASUS телефон може да контактирате со вашиот мобилен оператор и да ја обезбедите информацијата за да се спречи неовластена употреба на вашиот ASUS телефон.

За да се прикаже идентитетот на вашиот ASUS телефон:

1. Допрете **All Apps (Сите апликации)** потоа допрете **Settings (Поставки)**.

2. На екранот Поставки, лизнете надолу за да се прикажат други ставки, а потоа допрете **За**. Екранот За го прикажува статусот, правните информации, бројот на модел, верзијата на оперативен систем, информациите за софтвер и хардвер на вашиот ASUS телефон.

3. За да го видите серискиот број, SIM контакт бројот и IMEI на вашиот ASUS телефон, допрете **Status (Статус)**.

# Додаток

## Белешки

### Изјава за сообразност на ЕС

Овој производ е во согласност со прописите на директивата R&TTE 1999/5/EC. Изјавата за сообразност може да се преземе од http://www.asus.com/support

### Спречување на оштетување на слухот

За да избегнете можно оштетување на слухот, избегнувајте долготрајно слушање звук со голема јачина.





À pleine puissance, l'écoute prolongée du baladeur peut endommager l'oreille de l'utilisateur.

За Франција, слушалките за овој уред се усогласени со условот за звучен притисок наведен во применливите стандарди EN 50332-1:2013 и/или EN50332-2:2013 согласно францускиот закон L.5232-1.

### Предупредување со ознака CE

CE0560

#### Ознака CE за уреди со безжична LAN / Bluetooth

Оваа опрема е усогласена со условите на Директивата 1999/5/EC на Европскиот Парламент и Европската Комисија од 9 март, 1999 за радио и телекомуникациска опрема и за меѓусебно потврдување на сообразноста.

Највисоките CE вредности за SAR на уредот се следниве:

- 0.266 W/Kg (глава)
- 0.214 W/Kg (тело)

### Информации за изложеност на RF (SAR) - CE

Овој уред ги исполнува условите на ЕУ (1999/519/ЕЗ) за ограничување на изложеноста на населението на електромагнетни полиња, со цел заштита на здравјето.

Овој уред е тестиран за носење на тело и е усогласен со насоките на ICNIRP и Европскиот стандард EN 62209-2, за употреба со специјално наменети додатоци. SAR на овој уред е измерена на растојание од 1,5 см од телото, при емитување со највисокото потврдено ниво на моќност во сите фреквентни опсези на овој уред. Употребата на други додатоци што содржат метали може да резултира со неусогласеност со насоките на ICNIRP за изложеност.

## Барање за електрична безбедност

Производи со рејтинг на проток на електрична енергија до 6A и кои тежат повеќе од 3Kg мора да користат одобрени кабли за електрично напојување поголеми од или еднакви на: H05VV-F, 3G, 0,75$mm^2$ или H05VV-F, 2G, 0,75$mm^2$.

## Услуги на ASUS за рециклирање/враќање

Програмите на ASUS за рециклирање и враќање се резултат на нашата посветеност кон највисоките стандарди за заштита на нашата животна средина. Веруваме во обезбедувањето решенија со коишто ќе можете одговорно да ги рециклирате нашите производи, батерии, други компоненти, како и материјалите за пакување. Ве молиме одете на http://csr.asus.com/english/Takeback.htm за детални информации за рециклирањето во различни региони.

## Известување за облога

ВАЖНО! За да се обезбеди електрична изолација и да се одржи електрична безбедност, поставена е облога за да се изолира уредот со исклучок на областите каде што се наоѓаат портите I/O.

## Зелено известување на ASUS

ASUS е посветен на создавање производи што не ја загадуваат околината и пакување што го штити здравјето на потрошувачот, а воедно го минимизира влијанието врз средината. Намалувањето на бројот на страници на прирачникот е со цел намалување на емисијата на јаглерод диоксид.

За детално Упатство за корисникот и поврзани информации, погледнете го Упатството за корисник доставено со ASUS таблетот или посетете ја страницата за поддршка на ASUS на http://support.asus.com/.

Име на моделот: ASUS_X014D (ZB452KG)

| | |
|---|---|
| **Производител:** | ASUSTeK Computer Inc. |
| **Адреса:** | 4F, No.150, LI-TE RD., PEITOU, TAIPEI 112, TAIWAN |
| **Овластен застапник за Европа:** | ASUS Computer GmbH |
| **Адреса:** | HARKORT STR. 21-23, 40880 RATINGEN, GERMANY |